РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 01 – 507/9
20.08 2025 год.
ВЕЛЕС




**СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**

**„Гимназија Кочо Рацин“ Велес**

**ул. “Благој Ѓорев“ бр.40**

043 212 535 www.gimkocoracin.edu.mk

e-mail : gimkocoracin@gmail.com




**ИЗВЕШТАЈ ОД**
**С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А**
**2023-2025**

Училишен тим и работни групи

| | |
|---|---|
| Илија Попов | директор |
| Марија Стојановска | педагог |
| Анита Смилевска | психолог |
| Ленче Перчинковска | специјален едукатор и рехабилитатор |
| Др. Бошко Караџов | Наставни планови и програми |
| Христина Леова | Постигања на учениците |
| Јовица Темов | Учење и настава |
| Билјана Миланова | Поддршка на учениците |
| Пале Трпкова | Училишна клима |
| Петранка Стојанова | Ресурси |
| Марјан Стојановски | Управување, раководење и креирање политика |

Содржина стр:

Вовед ........................................................................................................................ 4

Лична карта ..........................................................................................................  5
.
Развоен пат на училиштето..................................................................................  6

Идентификување на училиштето .........................................................................  8

1. Наставни планови и програми.............................................................................. 9
2. Постигања на учениците .......................................................................................19
3. Учење и настава ....................................................................................................27
4. Поддршка на учениците ........................................................................................38
5. Училишна клима ....................................................................................................44
6. Ресурси ..................................................................................................................53
7. Управување, раководење и креирање политика.................................................59

**Вовед**

Самоевалуацијата на училиштето претставува важен стратешки документ за реализација на главните правци во подобрување и унапредување на квалитетот за образовно-воспитната работа и истата е извршена за периодот на работењето на училиштето во учебните години: 2023/24 и 2024/25.

Значаен сегмент за дијагностицирање на конкретните состојби претставуваат индикаторите за мерење на квалитетот на работата во училиштето. Нивната цел и намена е да овозможат прецизен увид во работата на училиштето и да ни дадат препораки за подобрување. Потребните активности училиштето ги започна со формирање на училишна комисија, работни групи и тимови кои ќе ги идентификуваат добрите и слабите страни по подрачјата. Определувајќи ги приоритетните точки за подобрување на методологијата на наставата, училиштето ќе пристапи кон изработка на развојниот план.

## ЛИЧНА КАРТА НА ГИМНАЗИЈАТА




**Велес** – град во Македонија и центар на истоимената општина. Низ историјата познат како: Вила Зора (Билазора), Ќупурли (Град на мостови), В`лес (Град в шума), Титов Велес, Велес…

**Велес** се наоѓа во средишниот дел во Република Северна Македонија, распослан на двата брега на реката Вардар. Велес е шести град по број на жители во Македонија со 43. 716 жители. На северозапад од Велес се наоѓа главниот град на Македонија, Скопје (54 км), на североисток се наоѓа градот Свети Николе (34 км), на исток се наоѓа градот Штип (43 км), на југозапад се наоѓа Прилеп (79 км) и на југоисток се наоѓаат Кавадарци (43 км) и Неготино (40 км). Велес има мошне поволна географска положба бидејќи е крстопат на меѓународни патни и железнички правци и еден од поглавните транзитни центри во Македонија.

Значајни личности кои ја афирмираат националната и културната свест на градот Велес се: Ј. Х. К. – Џинот, Рајко Жинзифов, Андреја Дамјанов, Васил Главинов, Гемиџиите, П. П. Арсов, Панко Брашнар, нашиот патрон Кочо Рацин и многу други .

Не случајно, Велес го нарекуваат музеј на Македонија под отворено небо, кој на љубопитните им ја раскажува историјата на Балканот. Тука се наоѓа црквата Свети Пантелејмон – македонската миланска скала, првиот театар, куќата на основачот на првото училиште на македонски јазик и секако – најстарата гимназија на Балканот.

Денес, Гимназијата со гордост го носи името на нашиот патрон – Кочо Рацин, основоположникот на поновата историја на македонската литература.

Гимназијата има свој грб, свое знаме и своја химна.

Грбот на Гимназијата е претставен со отворена книга на чии страници се исцртани зраците на сонцето од македонското знаме. Зраците го осветлуваат симболот на градот – Саат-кулата, што потекнува од 14. век и е една од најстарите градби.

Во подножјето на Саат-кулата е претставена реката Вардар – нем сведок на историјата на градот и на Гимназијата. На горниот дел од грбот е испишано името на Гимназијата и на градот, а на долниот дел од грбот стои годината кога во Велес започнува гимназиското образование – 1857.



Знамето на Гимназијата е во две бои: црвена и сина, хоризонтално поставени.

Црвената боја е симбол на револуционерното минато на Велес, а сината на слободата и европската ориентација на велешани. Во централниот дел на знамето е сместен грбот на Гимназијата.

На текст од Рациновата песна „Копачите“, познатиот велешки композитор Стефан Гајдов ја компонираше музиката за химната.

**Развоен пат на Гимназијата**

Нашата Гимназија е атрактивно, отворено, мултикултурно училиште, предводник на современите образовни процеси и стандарди, училиште кое на креативен начин ги поврзува индивидуалните потреби и стремежите на учениците со науката, културата и спортот.

Основната цел на гимназиското образование е учениците да ги развиваат индивидуалните физички и интелектуални способности, како и хуманистички, морални, естетски и граѓански вредности. Гимназија отсекогаш имала значајна улога во подготвувањето на младите за продолжување на школувањето на високо-образовните институции.



Училишните програми што ги нудиме се од суштинско значење за да можат учениците да постигнат оптимален личен раст, да се здобијат со позитивни социјални вештини и вредности, да постават соодветни цели за лична кариера и да го сфатат својот академски потенцијал за да станат продуктивни членови на општествената заедница.

Со цел да се подобри квалитетот на образованието и да се постигнат подобри воспитно-образовни резултати, како училиште се вклучуваме во повеќе проекти. Успешното спроведување на Годишната програма и воспитно-образовната работа во Гимназијата е основна задача и цел на директорот, стручните соработници и предметните наставници.

Со примената на активни методи на работа и примена на информатичката технологија во наставата, наставниците во текот на наставата создаваа атмосфера која поттикнува отворена интеракција во училницата, тимска работа, а со тоа ги поттикнаа учениците критички да мислат, да чувствуваат одговорност за сопственото учење, да соработуваат со другите.

Постигнатите резултати на учениците им овозможуваат да го зацврстат верувањето дека основната вредност на човекот е тој да се потврдува со работа, творештво, хумани постапки, отворен однос кон себе и средината и за меѓусебно разбирање и почитување.

Резултатите од работата, се забележани во монографиите излезени по повод 100, 120 и 150 години од постоењето на Гимназијата, а тие се успеси со кои не може да се спореди ниту едно друго училиште во Општинава и градов, а идните генерации ќе треба да ги имаат како патоказ за постигнување уште повисоки резултати.

***Мисија***

Современо технолошки опремено училиште во безбедна, доверлива и компетитивна средина, кое ќе предводи во иновативната и квалитетна настава преку која ќе го гарантира академскиот и општествен успех на учениците, ќе ги подготвува за продуктивна ангажираност во глобалниот свет и низ високи стандарди и големи очекувања, ќе ги негува и поттикнува научната љубопитност, општествената одговорност, спортските игри и културната продукција кај учениците.





designed by freepik.com

***Визија***

Современа институција со високи воспитно-образовни стандарди, училиште за постојан развој на учениците и нивно оспособување за професиите на иднинината кои подразбираат: критичко мислење, широки знаења, аналитички и логички дух, креативна имагинација, комуникациски вештини, лидерски способности, тимска соработка и заедничко делување.

**Подрачје 1. Наставни планови и програми**

| Ред. бр. | Индикатори за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | • Применувани наставни планови и програми;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби;<br>• Избор на наставни предмети;<br>• Планирање на активности за реализација на проектните активности во училиштето;<br>• План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди;<br>• Реализација на проширени програми;<br>• Интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма во Годишната програма за работа на училиштето. |
| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието;<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми;<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз еколошката програма во Годишната програма за работа на училиштето. |
| **1.3** | **Воннаставни активности** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности;<br>• Обем и разновидност, опфатеност, вклученост и афирмација на учениците во изработка на Анализата на животната средина;<br>• Обем и разновидност, опфатеност, вклученост и афирмација на учениците во изработка на Планот на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции. |

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Применувани наставни планови и програми;**<br>• **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;**<br>• **Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби;**<br>• **Избор на наставни предмети;**<br>• **Планирање на активности за реализација на проектните активности на училиштето;**<br>• **План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди;**<br>• **Реализација на проширени програми.** |
| **Извори на податоци** | |
| • Наставни планови и програми донесени од МОН;<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците;<br>• Нормативни акти на училиштето;<br>• Еко-стандарди; Прирачник- Како да се стане еко-училиште; План на активност (трет чекор од еколошката програма);<br>• Педагошка евиденција и документација;<br>• Записници од родителски совети на училиштето;<br>• Записници од родителски средбиМ;<br>• Записници од наставнички совети на училиштето и активите;<br>• Записници од Училишниот одбор;<br>• Записници од еко-одбор, | Во Гимназијата „Кочо Рацин“– Велес се применуваат наставните планови и програми за гимназиско образование. Истите, како своевидни програмски документи за реализација на наставата, се изготвени и донесени од МОН и БРО. Наставните планови и програми се применуваат и во согласност со законските одредби кои ја нормираат реализацијата на воспитно-образовната дејсност од овој вид.<br><br>Согласно програмските документи и наставните планови, гимназиското образоване е концепирано на три вида наставни програми: а) задолжителни предмети, б) изборни предмети и в) проектни активности. Задолжителните предмети се наставната и програмската срж на гимназиското образование и истите ги изучуваат сите ученици. Нивната педагошка функција е да обезбедат општообразовен стандард на знаења и вештини, што ќе може на учениците да им овозможи подготвеност и проодност во сите научни области, полиња и подрачја во високо-образовниот систем. Додека изборните предмети се дополнтелни наставни содржини кои се нудат на учениците во II, III и IV година и тоа на следниов начин. Во II година секој ученик избира еден предмет од листата на изборни предмети (Информатичка технологија, Латински јазик, Елементарна алгебра, Говорење и пишување и Етика). Во III и IV година изборните предмети се групирани во три изборни подрачја: (природно - математичко А и Б, општествено - хуманистичко А и Б и јазично - уметничко А и Б). Третата група т.е. проектните активности се наставни програми кои ги избираат самите ученици. Учениците уште при уписот во прва година се определуваат за едно подрачје и група, но во зависност од потребата или желбата на учениците и можностите на училиштето ученикот со барање до Наставничкиот совет може да го промени избраното подрачје. |

| | |
|---|---|
| еко-секција и еко-патроли;<br>• Годишна програма на училиштето;<br>• Анекс кон годишната програма за работа на училиштето од еколошката програма;<br>• Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми;<br>• Покани за учество на семинари;<br>• Извештаи од анкетниот прашалник за ученици, наставници и родители на ученици;<br>• Извештаи за реализирани еколошки проекти;<br>• Информации за еколошката програма на веб-страната на училиштето;<br>• Застапеност на изборните предмети по паралелки;<br>• Записници од работата на проектните активности;<br>• Решенија за вклученост во проекти добиени од БРО во согласност со МОН;<br>• Брошури, флаери и кампањи со содржини од еколошката програма;<br>• Интернет страната на училиштето;<br>• Програма за работа на ученичката заедница;<br>• Записници од претходните инспекциски надзори; | Наставните програми и планови како педагошки прескрипции се документи на чија основа се применува и реализира наставата во текот на учебната година. Овие програмски документи се усогласени со годишните, тематските и оперативните планирања на наставниците-реализатори. Дополнително, истите се прилагодени и на условите за работа во училиштето, потребите на учениците, како и на потребата за остварување пропишаните образовни цели на самите програмски документи.<br><br>Наставните планови и програми започнуваат да се применуваат и реализираат на почетокот на учебната година. Наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања за содржините наменети за редовната настава, годишните планирања за дополнителна и додатна настава и за реализација на проектните активности кај педагогот на училиштето. Наставните планови и програми се применуваат и реализираат и преку вклучување на ИКТ методи и еколошки содржини во самите планирања. Оперативните планирања на наставните содржини континуирано се изработуваат со примена на нови наставни форми и современи техники.<br><br>Наставните планови и програми се применуваат и реализираат и преку проектни активности, воннаставни активности, проекти, работилници и други форми на образовни активности. За истите се користат училишните просторни капацитети во текот на учебната година.<br><br>Наставните планови и програми се применуваат и реализираат и преку додатна и дополнителна настава и проектни активности согласно со законските прописи. ИКТ часовите со е-содржини се исто така застапени во реализацијата на наставните планови со законски потребниот број часови.<br><br>Наставните планови и програми се применуваат и реализираат со нови наставни средства и помагала. Во изминатиов период се набавени:<br><br>- 1 интерактивна мобилна голема табла со држач,<br>- 1 интеркативен панел,<br>- 1 фотокопир,<br>- принтер во боја,<br>- архивски плакари,<br>- апартура за изведување на експерименти од областа на природните науки<br>- машина за изработка на беџови, пластификатор<br>- реновирање на спортската сала со комплетно ново греење, озвучување, осветлување,<br>- реновирани тоалети, гардероби и фитнес сала,<br>- набавени се шкафчиња за секој ученик,<br>- 10 бели табли, |

| | |
|---|---|
| | - 1 интерактивна мобилна голема табла со држач и проектор,<br>- 4 интерактивни стандардни табли со проектори,<br>- 1 проектор<br>- озвучување – звучници со миксета и микрофони<br><br>Во наставната 2024/25 училиштето почна да спроведува настава во билингвална паралека на македонско-англиски јазик. Наставните планови и програми во таа паралелка се спроведуваат на македонски и англиски јазик и се одвиваат според македонската национална наставна програма, адаптирана за билингвална настава и англиски јазик со пет часа неделно. Дел од наставните предмети - математика, физика, хемија, информатика, историја, географија, спорт и спортски активности и други се изведуваат на англиски јазик, со постепено зголемување на бројот на часовите на англиски јазик во текот на секоја наставна година.<br><br>Во Гимназијата „Кочо Рацин“– Велес има воспоставено утврдена процедура за информирање на родителите и учениците за наставните планови и програми. Информирањето се остварува преку родителски средби, состаноци на Совет на родители , веб-страна на училиштето, индивидуални термини за консултации со родителите. На почетокот на секоја учебна година, на првите родителски состаноци и класни часови со учениците, се доставуваат информации за наставните предмети кои ќе се изучуваат во текот на учебната година, родителите и учениците се запознаваат со постојните релевантни училишни документи како: куќен ред, кодекси на однесување, правилник за изрекување на педагошки мерки, правилник за избор на првенци и новини во однос на тековни активности или задолженија во претстојниот период.<br><br>Учениците се запознаваат и со целите на наставата во текот на часовите од страна на предметните наставници. Родителите можат да добијат детални информации за целите на наставните планови за предметите кај предметните наставници и кај стручните соработници во училиштето.<br><br>Во училиштето учат 5 ученици со посебни образовни потреби. Училишниот инклузивен тим континуирано ги следи постигнувањата на учениците со ПОП во инклузираните паралелки, притоа добивајќи постојана поддршка од стручните соработници (специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, педагог), класниот раководител, наставниците и родителот. Вреднувањето на постигнувањата на учениците со ПОП се одвиваше по диференциран пристап и добиваа општа поддршка од прво ниво. Учениците редовно ја следат наставата и постигнуваат солидни резултати.<br><br>Гимназијата ги овозможува сите изборни предмети и изборни подрачја според наставниот план за гимназиско образование. Учениците ги бираат изборните предмети преку анкетирање и писмено изјаснување на родителите на секој ученик. Интересите, барањата и потребите на |

| | |
|---|---|
| | учениците доследно се исполнуваат и реализирааат. Во рамките на пректините активности, исто така, училиштето делува во насока на интересите, барањата и потребите на учениците, овозможувајќи програми од разни области. Учениците се определуваат за проектна активност во текот на првата седмица на септември.<br><br>Училиштето и во овој  циклус делува врз основа на план на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти со вклученост на сите точки на акции од воспоставените еко-стандарди. Планот на активности е во согласност со состојбата и структурата на училиштето со цел постигнување на конкретни резултати. Дополнително, во рамките на планирањата на наставните предмети, се интегрираат  еколошки содржини, образовни теми и прашања кои се реализираат преку различни форми и методи.<br><br>Гимназијата негува педагошка култура на отворено училиште за промени и подобрување на учењето со внесување на проширени едукативни програми преку апликации и учества во разни едукативни проекти на државно и меѓународно ниво.<br><br>Во училиштето се реализираат  следните проекти: „Мировно образование“, ,„Коалиција за медиумска писменост“, „Креативна книжевна работилница“, „Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата“, „Промоција на безбедна училишна средина“ „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“, „ Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Р.С. Македонија“. Од Програмата Еразмус+ се реализира проектот „Културна и социјална инклузија за учениците од Европа“.<br><br>Во Гимназијата се продолжи со реализација на програмата **English Access Microscholorship** Program, преку која им се даде можност на 25 ученици да бидат дел од истата, а која има за цел изучување на англискиот јазик, американската култура, традиција и обичаи на неформален начин преку организирање на креативно-едукативни работилници, летен и зимски камп, посета на изложби, театарски претстави, кино-проекции, спортски игри.<br><br>Во училиштето продолжува учеството на гимназијалците во иновативната едукативна програма од областа на социологијата на масовните медиуми, медиумската етика и новинарството **,„Спинокио“**, организирана од е-медиумот ВИДИ ВАКА, а фасилитирана и ко-реализирана од предметниот професор д-р Бошко Караџов. Во рамките на едукативната програма се одржуваат работилници од областа на медиумската писменост и критичкото мислење од страна на организаторот. Учениците покажуваат голем интерес за активностите и остваруваат значителни резултати на училишниот и државниот натпревар/ турнир во специјално дизајнираната едукативно-друштвена игра на плоча „Спинокио“, каде најдобрите ученици од Гимназијата ги одмерат знаењата и вештините во препознавањето на медиумските дезинформации, спинови, невистини, полу-вистини, фактоиди, скриени реклами, лажни вести и |

| | |
|---|---|
| | други видови на медиумска манипулација со останатите училита на финалните државни натпревари во Скопје.<br><br>Учениците од Гимназијата учествуваат во едукативната активност од областа на правната етика насловена како **„Мојот антикорупциски дневник“** во организација на ОЈО, Фондацијата ИДЕА и е-медиумот ВИДИ ВАКА. Во рамките на активноста, во просториите на Основното јавно обвинителство – Скопје, се одржана првата од трите работилници, каде средношколците од одбраните иселектирани училишта од државата, на еден интерактивен начин се запознаа со корупцијата како најгорливиот проблем на нашето општество и се стекнаа со знаења и вештини за нејзино препознавање и справување. Работилниците ги водеа истакнати јавни обвинители, судии и новинари, а нашите ученици во рамките на пропратните дискусии и анализи покажаа, не само интерес и активна партиципација, туку и висока свест и разбирање на потребата од создавање активни форми на младиски отпор кон оваа негативна општествена појава. |

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала;**<br>• **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала;**<br>• **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието;**<br>• **Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми;**<br>• **Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето.** |
| **Извори на податоци** | |
| • Наставни планови и програми донесени од МОН<br>• Годишна програма на училиштето;<br>• Анекс кон годишната програма за работа на училиштето од еколошката | Во изминатиот период се реализирани низа активности од четирите еко-стандарди, заеднички еколошки акции во соработка со Локалната самоуправа, ЈКП „Дервен“ и основните и средните училишта од градот, разни континуирани активности (цртање, фарбање, за облагородување и разубавување на животната средина и социјалниот простор, чистење и садење).<br>Според искажувањата на наставниот кадар во училиштето, поголем број од наставниците интегрираат и покренуваат образовни теми и прашања во поглед на родовата |

| | |
|---|---|
| програма;<br>• Тематски планирања на наставниците;<br>• Тематски планирања на наставниците со вметнати содржини од еколошката програма;<br>• Стручни упатстава и насоки за операционализација на наставните планови и програми;<br>• План на активност (трет чекор од еколошката програма);<br>• Записници од еко-одборот;<br>• Извештаи за реализирани еколошки проекти;<br>• Нормативни акти на училиштето;<br>• Разговор со наставници – родители;<br>• Програма за работа на стручните активи;<br>• Записници од работата на стручните активи;<br>• Извештаи од работата на стручните активи;<br>• Записници од наставнички совети;<br>• Записници од Училишниот одбор;<br>• Советот на родители и стручни органи на училиштето;<br>• Поднесени барања;<br>• Брошури, флаери и кампањи со содржини од еколошката програма; | рамноправност и препознавањето и искоренувањето на родовите стереотипи. Тоа се реализира преку: работилници со учениците според програмата Образование за животни вештини; преку анализа на ликовите и нивните меѓусебни односи кои се поттикнати од меѓуродовите односи; преку употреба на библиографски референци и дискусии преку примери од животот во рамките на часовите по мајчин јазик, социологија, етика, психологија, педагогија и филозофија.<br><br>Во рамките на редовната настава, вонннаставните активности, проширените програми и проектни активности, се вложуваат напори да се поттикне иницијативноста кај учениците, одговорноста во извршување на обврските, развивање на самодовербата, почитување на различностите и основните човекови права како и јакнење на свеста за припадност кон државата во мултикултурно општество.<br>Квалитетот на наставните планови и програми се следат врз основа на искуствата и мислењата на наставниците. Истите се реализираат и спроведуваат, врз основа на заклучоците, предлозите и анализите на работните тела во училиштето : Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор.<br>Најголем дел од наставните програми немаат претрпено измени, дополнувања и осовременувања на дидактичките содржини. Како на пример: македонски јазик и литература од 2002 година, историја од 2005 година, филозофија 2002 година итн. Ова значи дека повеќе од 20 години наставните програми не се променети и истите се во склоп со програмата за реформираното гимназиско образование. Во педагошките прескрипции како дидактички норматив за наставни програми се смета временски циклус од 5 до 10 години, така што оваа *status quo* состојба упатува на заклучокот за нивниот намален квалитет поради отсутството на современи содржини, теми и области.<br>Во поглед на анализите на половата, родовата, етничката и други видови на чувствителност може да се забележи дека наставните програми, особено оние од општествено-хуманистичките предмети, ја имаат постигнато. Истите имаат содржини, теми и сознанија во поглед на родовата рамноправност и препознавањето и искоренувањето на родовите стереотипи. На пример во наставната програма по педагогија, социологија, филозофија и етика се работат теми од областа на феминизмот, родовата социологија и сл. А дополнително, компаративно се следат религиските и културните особености на заедниците во државата. Овие цели т.е. имплементирањето на полово-родовата и етничко-верската сензитивност се остварува и преку програмата за Образование за животни вештини и преку воннаставните активности.<br>Во поглед на наставните програми од областа на спортот и спортските активности, искуствата на наставниците упатуваат на фактот дека наставната програма по спорт има одреден проблематичен дисконтинуитет кој мора да се надмине. Имено, од основно до гимназија неделниот фонд по спорт е 3 часа, додека во прва и втора година фондот се намалува на 2 часа, за во трета и четврта година пак да се врати на 3 часа неделно. Искуствата на |

| | |
|---|---|
| • Интревју со директор;<br>• Програма за работа на ученичката заедница;<br>• Записници од претходните инспекциски надзори;<br>• Анкети со наставници, родители и ученици. | наставниците говорат дека токму во најчувствителното време за психо-физичкиот развој – 14 и 15 години, кога сѐ уште се оформува телото на младиот човек и кога му е потребна физичка активност, правилен развој, хигиена и исхрана, тогаш се намалува фондот на часовите. Предлогот на спортските педогози од нашето училиште е или да се зголеми фондот на 3 часа неделно од 1 одделение до 4 година или барем оние три часа неделно од 3 и 4 година да се префрлат во 1 и 2 година кога е и најпотребен зголемениот опфат на физичка активност и спорт, а за 3 и 4 година да останат тие 2 часа неделно.<br>Училиштето и во овој евалуациски период е дел од иницијативите за изменување и дополнување на наставните планови и програми до МОН, БРО и Центарот за стручно образование и обука на база на предлог-мислењата во рамките на Стручните активи. Дополнително, предметниот наставник по групата предмети од областа на филозофијата – д-р Бошко Караџов, како претставник на училиштето и како дел од наставниците во македонскиот образовен систем кои ги спроведуваат овие програми, учествува во работните групи во Филозофското друштво на Македонија каде се изработуваат предлози за теоретска и практична надградба на предметните програми од филозофскиот корпус предмети (Филозофија, Логика, Етика, Естетика) за средно образование.<br>Во поглед на наставната програма по Филозофија може да се констатира дека фондот на часови е премал за реализација на програмата. Предметната програма по Логика пак, има содржини кои се повторуваат како содржини по други предметни програми како математика, социологија и македонски јазик и сл.<br>Наставните програми содржат елементи на т.н. „зелена“ педагогија. Еколошките содржини се вметнати во самите програми како посебна тема и тоа во наставните програми: етика со биотика и екологија, социологија со зелени општествени движења, педагогија, филозофија, биологија, географија и сл. Дополнително, на еколошката свесност се делува и преку други форми на настава, воннаставни активности, акции и сл.<br>Во рамките на наставните програми и планови по ликовна и музичка уметност, општата констатација на наставниците реализатори, особено по музичка уметност е дека неделниот фонд од 1 час музичка уметност во време на ниско ниво на музичка култура и естетски вкус е премалку, не само за потребите на учениците, туку и за реализација на наставната програма.<br>Во поглед на наставните програми и планови од природните науки, анализата покажува дека истите не се изменети и дополнети 20 години, дека наставната програма за хемија за трета година е преобемна за неделниот фонд од 2 часа и дека има проблематични несовпаѓања на пресметковната физика и хемија со наставните содржини од програмата по математика. Со други зборови, наставната програма по хемија и физика предвидува математички операции кои сѐ уште не се апсолвирани/реализирани во предметната програма по математика. Истото претставува голем проблем за реализација на наставната програма по природните науки. |

## 1.3. Воннаставни активности

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;**<br>• **Опфатеност на учениците со воннаставните активности;**<br>• **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;**<br>• **Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности;**<br>• **Обем и разновидност, опфатеност, вклученост и афирмација на учениците во изработка на Анализата на животната средина;**<br>• **Обем и разновидност, опфатеност, вклученост и афирмација на учениците во изработка на Планот на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции.** |
| **Извори на податоци** | |
| • Разговор со директорот;<br>• Разговор со ученици, наставници и родители;<br>• Педагошка евиденција и документација;<br>• Работа на секциите;<br>• Пофалници;<br>• Годишна програма за работа;<br>• Анекс кон годишната програма за работа на училиштето од еколошката програма,<br>• План на активност (трет чекор од еколошката програма);<br>• Благодарници;<br>• Сертификати за учество на обуки од еколошката програма (на директор, педагог/психолог, наставник);<br>• Анкета; | Училиштето планира и ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците. Во училиштето се реализира настава на македонски и албански јазик, а при реализација на воннаставните активности се работи со јазично хетерогени групи ученици. Дел од воннаставните активности се реализира преку учество во проекти одобрени од Локалната самоуправа и тие се инкорпорирани во Годишната програма за работа на училиштето, дел се реализира како иницијатива од пооделни наставници и во рамките на проектните активности, а дел во соработка со стручни лица и институции или партнери на училиштето.<br>Во училиштето се реализираат бројни активности од различни области во рамките на проектните активности, но и преку вклучување во бројни проекти, чија реализација на активности се одвива преку соработка со релевантни институции во државата, како и соработка со партнер-училишта од други европски земји. При реализација на проширени програми во училиштето, учениците се вклучени во бројни натпревари од областа на природните науки, математиката, странски јазици, дебатирање и јавно говорење, активности од областа на уметностите, прва помош, екологија и мировно образование, како и чести посети на споменици, музеи, театри. Во училиштето, во согласност со интересите на учениците, планираните цели во програмите за воннаставни активности и условите за работа се реализираат: крводарителски акции, спортски натпревари, посета на институции од локален карактер , конкурси од областа на литературата, уметноста, натпревари по прва помош, натпревари по наставни предмети, едукативни предавања, еколошки иницијативи, дебатни настани и др.<br>Учество на учениците во воннаставни активности се обезбедува на повеќе начини. Наставниците- ментори по пат на соопштенија за можност од вклучување во испланирани и одобрени проекти ги информираат сите ученици за потенцијални и претстојни воннаставни |

| | |
|---|---|
| • Прилози од медиумска промоција (шести чекор од еколошката програма);<br>• Разговор со стручна служба | активности, ги мотивираат учениците за учество<br>Во организацијата и имплементацијата на ваквите иницијативи се вклучуваат и самите ученици, со што уште еднаш се потврдува фактот дека училиштето нуди можности и начини за проактивно учество на учениците во различни сегменти на реализација на наставните планови и програми. За да се овозможи личен и социјален развој на учениците, се организираат еднодневни, дводневни и тродневни екскурзии со воспитно-едукативна функција. Изборот на дестинациите го вршат учениците и нивните родители со поддршка од класните раководители.<br>Фактот дека учениците се вклучуваат во разни проектни активности и проекти, организирани и спроведени од страна на училиштето, укажува дека на тој начин учениците имаат можност да се афирмираат и да ги промовираат своите интереси и потенцијали, земајќи предвид дека бројните настани најчесто се објавуваат преку социјалните медиуми, како што се Facebook, Instagram, Tic Tok, YouTube, и други електронски и печатени медиуми. Истовремено промовирајќи се себеси, учениците се директно инволвирани во промоција на училиштето.<br>Учениците, со помош и поддршка од наставниците и вработените во училиштето, учествуваат во изработката на Анализата на состојбата на животната средина и реализираат еколошки проекти и точки на акции од Планот на активности. Наставниците и вработените во училиштето континуирано ги поттикнуваат учениците за активно вклучување во формираната еко-секција, еко-патрола и еко-одбор. |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | • Во училиштето има стручни и мотивирани наставници, постојат и успешно се реализираат разновидни наставни, воннаставни и слободни ученички активности, во соработка со родителите и локалната средина;<br>• Гимназијата ги информира родителите и сите заинтересирани субјекти за работата на училиштето на различни начини;<br>• Учениците слободно и според своите афинитети, заедно со своите родители избираат кој изборен предмет и кое изборно подрачје ќе го изучуваат од сите понудени предмети и во сите понудени подрачја;<br>• Постојат и се користат средства (отворени денови за презентации, приредби, локални портали, ВЕБ-страна на училиштето) за афирмирање на воннаставните активности а со тоа се афирмираат учениците и се поттикнува нивната самодоверба;<br>• Интересите и желбите на учениците при избор на проектните активности се задоволуваат во целост;<br>• Учениците се заинтересирани за учество на натпревари и постигнуваат солидни резултати;<br>• Наставните програми и планови успешно се реализираат;<br>• Наставните програми и планови опфаќаат еколошки содржини, теми и области; |

| | |
|---|---|
| Слаби страни | • Наставните програми и планови не се дополнети и изменети повеќе од 20 години и за дел од наставните програми и планови имат потреба од поголем фонд часови;<br>• Потреба од мултифункционален простор во училиштето, каде ќе се оддржуваат воннаставни активности од различен карактер. |
| Приоритети | • Обезбедување и опремување на мултифункционален простор во училиштето за оддржување на воннаставни активности од различен карактер. |

**Подрачје 2. Постигања на учениците**

| Ред. бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 2.1. | • **Постигања на учениците** | • Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди;<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата);<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби;<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава;<br>• Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование;<br>• Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците;<br>• Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма. |
| 2.2. | • **Задржување/осипување на учениците** | • Опфат на учениците;<br>• Редовност во наставата;<br>• Осипување на учениците;<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго. |
| 2.3. | • **Повторување на учениците** | • Ученици кои не ја завршуваат годината. |

## 2.1. Постигања на учениците

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди;**<br>• **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата);**<br>• **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби;**<br>• **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава;**<br>• **Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование;**<br>• **Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците;**<br>• **Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма;** |
| **Извори на податоци** | |
| • Училишните програми и извештаите;<br>• Самоевалуацијата;<br>• Дневник на паралелките;<br>• Евидентни листови за успех и поведение;<br>• Прегледи за успех од тромесечие;<br>• Полугодишен и годишен извештај;<br>• Записници од Наставнички совет и совети на паралелки;<br>• Записници од стручни активи;<br>• Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители;<br>• Прирачник „Како да се стане еко-училиште“ | Училиштето ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети и редовно се изработуваат прегледи за успех и редовност по пол и етничка припадност во сите квалификациони периоди.<br>Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат врз основа на увид во актуелните постигања и компаративните прегледи. Континуирано се преземаат конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците без разлика на полот и етничката припадност (индивидуален пристап во редовната настава, примена на разни методи и техники при презентација на наставниот материјал, редовно одржување на дополнителни часови).<br>Средниот успех на ниво на училиште во учебната 2023/24 година изнесува 4,45, а во учебната 2024/25 година изнесува 4,48.<br>Резултатите кои ги постигнуваат учениците на државната матура се солидни. Во учебната 2023/24 година, од 116 ученика од завршната генерација, сите ученика се определиле за полагање на државна матура, на екстерниот дел го постигнале средниот успех 3,27. Во учебната 2024/25 година, од 117 ученици од завршната генерација, 114 ученици се определиле за полагање на државна матура, а 3 ученика се определиле за полагање на училишна матура. Сите ученици со успех ја одбранија и презентираа матурската проектна задача. Резултатите кои ги постигнаа учениците на државната |

| | |
|---|---|
| • Анкети со наставници, родители и ученици;<br>• Годишна програма за работа и Извештај за работа на училиштето;<br>• Извештаи од стручна служба;<br>• Резултатите од интерните и од екстерните оценувања;<br>• Споредбени прегледи од резултати од оценувањето;<br>• Анализите на успехот;<br>• Разговор со стручна служба;<br>• Програма за додатна и дополнителна настава;<br>• Увидот на час од страна на инспекцискиот тим;<br>• Досиејата на учениците;<br>• Програмата за дополнителна настава;<br>• Извешјтај за работата на еко-секцијата, структура на еко-секцијата, план на активности на еко-секцијата;<br>• Извешјтај за работата на еко-одборот;<br>• Структура на еко-одборот;<br>• План на активности на еко-одборот.. | матура се солидни. Во учебната 2024/25 година, на екстерниот дел учениците го постигнаа средниот успех 4,29. Од направената анализа од резултатите добиени од екстерниот дел на државна матура, може да се забележи дека во учебната 2024/2025 година успехот е повисок за една оценa во споредба со учебната 2023/2024 година..<br>Училиштето редовно ги известува родителите за успехот и поведението на учениците. Според анкетниот прашалник за родителите, во најголем дел (95,5%) тие се информираат за постигањата на учениците преку родителските средби, електронскиот дневник, веб-страната на училиштето, консултации со наставниците и индивидуални средби.<br>Континуираното следење на постигањата на учениците и конкретните активности кои ги преземаат наставниците доведува до подобрување на општиот успех. Најголем број од наставниците превземаат активности за подобрување на постигањата на учениците преку разновидни активни методи и форми, индивидуализиран пристап во редовната настава, употреба на информатичка технологија во наставата, реализираат посета на одделни институции во градот, вклучуваат стручни лица од бизнис-секторот. Се применуваат различни постапки за проверување на постигањата (усна проверка, писмена работа, тест, есеи, презентации, контролни ливчиња, проекти, практичен приказ на наставните содржини). На почетокот на учебната година учениците се запознаваат со критериумите за оценување. Се почитуваат стандардите и критериумите за оценување дадени од Бирото за развој на образованието и самите наставници работат на воедначување на критериумите за оценување кои ги применуваат во наставата во рамките на стручните активи.<br>Предметните наставници, класните раководители и стручната служба вршат идентификација на учениците со потешкотии во учењето. Училиштето спроведува конкретни активности со цел да им помогне на овие ученици да ги подобрат постигањата. Класните раководители реализираат теми од Програмата „Образование за животни вештини" . Стручните соработници вршат советодавна работа со учениците за правилен пристап во учењето. Преку педагошката евиденција и разговорите со учениците континуирано се следи напредувањето на учениците. Според резултатите од спроведената анкета за наставници, ученици и родители се прави разлика помеѓу учениците со различни образовни потреби и поддршката им се нуди преку дополнителна настава, додатна настава и преку индивидуализиран пристап во редовната настава.<br>Преку следење на секојдневната активност, увидот во самостојните трудови, контролните тестови и усното излагање наставниците ги идентификуваат надарените и талентирани ученици. За ваквите ученици кои покажуваат интерес кон одредена област и сакаат да ги прошират своите знаења се организира додатна и консултативна настава. Ваквиот вид на настава се реализира континуирано и најчесто се интензивира пред одржување на натпревари, приредби, презентации и сл. |

Учениците од училиштето учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Учениците кои на натпреварите постигнуваат солидни резултати, јавно се пофалуваат и наградуваат од страна на училиштето во согласност со дадените критериуми и се презентираат и преку социјалните мрежи. Во учебната 2023/24 година, учениците учествуваа на организираните натпревари и ги освоија следните награди: 43 награди на општински натпревари и конкурси, 25 награди на регионални натпревари, 19 награди на државни натпревари и 2 награди на меѓународен натправар.
Во учебната 2024/25 година учениците учествуваа на организираните натпревари и ги освоија следните: 40 награди на општински натпревари и конкурси, 1 плакета за најдобро спортско училишта на ниво на општина, 1 признание за најдобар спортски педагог на ниво на општина, 1 признание за најдобар ученик во средно образование на ниво на општина, 1 признание за најдобар просветен работник од средно образование на ниво на општина, 27 награди на регионални натпревари и 19 награди на државни натпревари.

Во училиштето учат 5 ученика со посебни образовни потреби. Училишниот инклузивен тим, континуирано ги следи постигнувањата на учениците со ПОП во инклузираните паралелки со постојана општа поддршка од прво ниво. Во текот на учебната година, вреднувањето на постигнувањата на учениците со ПОП се одвиваше по диференциран пристап.

Во училиштето се задоволуваат интересите и желбите на учениците за проширување на знаењата и континуирано им се нудат програми од разни области. Во училиштето учениците се поттикнуваат на иницијативност, одговорност, почитување на различноста и се покренуваат образовни теми и прашања во поглед на родовата и етничката рамноправност. Според резултатите од анкетниот прашалник за наставници поголемиот дел од наставниците се изјасниле дека во наставната програма интегрираат ваков вид на прашања преку теми кои се актуелизираат на класните часови, преку анализа на ликови и нивните меѓуродови и етнички односи, употреба на библиографски референци, дискусии преку примери од секојдневниот живот скоро по сите наставни предмети.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при преминот од основно во средно образование. Континуирано се врши компаративна анализа на општиот успех и успехот по одделни наставни предмети од деветто одделение и постигнатиот успех на крајот на прва година. Од анализата е констатирано дека дел од учениците се со слаби предзнаења по одделни предмети, а особено тоа се однесува на наставните предмети хемија и биологија кои во основното образование се реализираа според кембриџ-програмата. За да се надминат појавените недостатоци, наставниците покрај редовните часови, редовно реализираат и дополнителни часови и консултации со учениците.

| | |
|---|---|
| | Процедурата за избор на изборни предмети во училиштето се спроведува преку анкетни листови каде се нудат сите изборни предмети според наставниот план за втора година. За изборот училиштето ги информира родителите и учениците. Според анкетата 89,6% од родителите се произнесоа дека на учениците им се нуди избор на предмети.<br>Според Конкурсот од Министерството за образование и наука учениците при упис во прва година се определуваат за подрачје од понудените 3 подрачја: природно-математичко А и Б подрачје, јазично-уметничко А и Б подрачје и општествено-хуманистичко А и Б подрачје.<br>Ако учениците изразат желба за промена на подрачјето поради афинитет кон друг факултет, училиштето им овозможува промена на подрачјето со полагање на испити по предметите кои не ги изучувале во претходното подрачје. Наставниците со индивидуални консултации им помагаат на овие ученици да се подготват за испитите.<br>При изборот на интерни предмети во склоп на државната матура им се нуди избор според листата на изборни предмети кои се вреднуваат од соодветните високообразовни институции. Токму затоа 95% од учениците успешно се запишуваат на посакуваните факултети.<br>Училиштето работи во согласност со Планот на активности и еколошката програма и доследно ги реализира предвидените цели. При реализација на еколошката програма има еднаква вклученост на ученици независно од полот, етничката припадност, социјалниот статус, образовните потреби и се настојува да се подигне свеста на учениците за важноста на животната средина и преземање на активности за нејзина заштита. |

### 2.2. Задржување / осипување на учениците

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Опфат на ученици;**<br>• **Редовност во наставата;**<br>• **Осипување на ученици;**<br>• **Премин на ученици од едно во друго училиште**. |

| Извори на податоци | |
|---|---|
| • Програма за работа на училиштето;<br>• Податоци и извештаи од психолошко / педагошката служба;<br>• Анализи на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата;<br>• Разговор со директорот, стручната служба и наставниците;<br>• Увидот во педагошката евиденција и во документацијата,<br>• Записници од Наставнички совет и совети на паралелките;<br>• Извештаи од раководителите на паралелките;<br>• Известувањата на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ);<br>• Извештај за работа на училиштето;<br>• Записниците од средбите со родителите и ЛС;<br>• Евиденцијата на заминати или новодојдени ученици (преводници и др.);<br>• Податоци од административна служба (секретарот), и главна | Училиштето има податоци за опфатот на учениците од општината и околните општини. Во склоп на уписната политика на училиштето се преземаат различни активности како изработка на рекламен материјал, флаери, брошури, плакати, посета на основните училишта, реализација на нагледни часови и презентации на Гимназијата, редовно ажурирање на веб-страната со сите активности на училиштето и соработка со локалната средина, Отворен ден на училиштето.<br>Во однос на редовноста на учениците, училиштето редовно и систематски ги следи изостанувањата независно од полот, етничката припадност и социјалниот статус, ги анализира причините за отсуство и презема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. Имено, се водат индивидуални и групни разговори со учениците кои имаат повеќе изостаноци од страна на класните раководители и стручните соработници, а по потреба се вклучува и директорот. Родителите навремено се информираат за бројот на оправдани и неоправдани отсуства, се разговара со нив, се реализира Програмата за советување на родители и ученици од психологот во училиштето, а во ситуации предвидени со Законот за средно образование и Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки во присуство на ученикот, родителот, класниот раководител и педагогот, се изрекува педагошка мерка. За подобрување на успехот, поведението и редовното следење на наставата се дискутира и на редовните средби на Училишната заедница. Исто така, според анализата на изостанувањата на учениците на крајот на секој класификационен период класните раководители ги анализираат причините за оправданите и неоправданите отсуства и разговараат со учениците со цел да се намали изостанувањето и да се истакне важноста од редовно следење на наставата.<br>Просечниот број на изостанувања во учебната 2023/24 изнесува 54,0 изостаноци по ученик, а во учебната 2024/25 година изнесува 61,4 изостаноци по ученик. Просечниот број неоправдани изостаноци изнесува 3,6 по ученик во учебната 2023/24 година, а 3,4 по ученик во учебната 2024/25 година. Според анкетниот прашалник, родителите и наставниците во најголем дел ја оцениле редовноста како задоволителна. Ова укажува на фактот дека и понатаму треба да се преземаат мерки за намалување на изостанувањето.<br>Училиштето го следи осипувањето на учениците и ги анализира причините. Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат училиштето (промена на местото на живеење, заминување во странство или запишување во стручно училиште) е помал од бројот на оние ученици кои доаѓаат од друго место или училиште.<br>Училиштето ја почитува постапката при премин на учениците од едно во друго училиште. Се води неопходна комуникација со ученикот и родителите за мотивите за промена на училиштето, за обврските кои ги очекуваат и се почитува постапката за уредно водење на педагошката евиденција и документација, односно се доставува евидентен лист и преведница, |

| | |
|---|---|
| книга;<br>• Анкета. | и при прием на ученици од други училишта ги бара истите документи и бара навремено доставување на информации за учениците. За учениците кои доаѓаат од други училишта се организира полагање на дополнителни испити по  наставните предмети кои не ги изучувале во стручните училишта. |

## 2.3. Повторување на учениците

| **Теми:** | • **Ученици што не ја завршуваат годината** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| • Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Записник од наставнички совет;<br>• Годишен извештај за успехот на учениците во последните три години;<br>• Закон за средно образование;<br>• Статут на училиштето;<br>• Разговори со ученици, родители и стручна служба. | Во нашето училиште во последните две години има 7 ученика кои не ја завршиле годината, 2 ученика од втора година од паралелката со настава на албански јазик и 5 ученика од трета година, исто од паралелка со настава на албански јазик. Училиштето ги запознава учениците и родителите со активностите што ги превзема и со правото за поднесување приговор во случај при повторување на учебната година, согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | • Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците по пол и етничка припадност по класификациони периоди;<br>• Најголем број од учениците се определуваат за државна матура и со успех ја положуваат;<br>• Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите дадени од БРО;<br>• Учениците земаат активно учество на натпревари, конкурси, смотри и постигнуваат високи резултати;<br>• Училиштето има востановена процедура за промовирање на училиштето и упис на учениците во прва година;<br>• Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство и презема конкретни активности за подобрување;<br>• Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањето;<br>• Во училиштето се следат постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование; |
| Слаби страни | • Недоволна подготвеност на наставниците почетници за примена на иновативни методи и техники за учење;<br>• Дотраеност на училишната опрема и недостиг од нагледни средста по одредени наставни предмети. |
| Приоритети | • Организирање на обуки за наставниците почетници за примена на иновативни методи и техники во наставата;<br>• Обновување на училишната опрема и набавка на нагледни средства. |

**Подрачје 3. Учење и настава**

| Ред. бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 3.1. | **Планирање на наставниците** | • Индивидуални планирања на наставниците;<br>• Индивидуален образовен план (ИОП) на наставниците за ученици со посебни образовни потреби (ПОП);<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците;<br>• Размена на искуства и информации при планирањето;<br>• Распоред на часови;<br>• Вклучување на еколошките содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно еколошката програма. |
| 3.2. | **Наставен процес** | • Наставни форми и методи;<br>• Употреба на ИКТ во наставата;<br>• Избор на задачи, активности и ресурси;<br>• Определување на диференцирани цели за ученици со ПОП;<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците;<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците во реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди;<br>• Приод на наставникот кон учениците;<br>• Приод на наставникот кон учениците со ПОП;<br>• Следење на наставниот процес. |
| 3.3. | **Искуства на учениците од учење** | • Средина и атмосфера за учење;<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност;<br>• Поттикнување на учениците со типичен развој за прифаќање на учениците со ПОП;<br>• Инклузивна клима за учење;<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализацијата на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди;<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето. |
| 3.4. | **Задоволување на** | • Идентификување на образовните потреби на учениците; |

| | | |
|---|---|---|
| | **потребите на учениците** | • Идентификација на образовните потреби на учениците со ПОП;<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата;<br>• Адаптирање на училишната средина за потребите на учениците со ПОП;<br>• Обезбедување и одржување на безбедна, здрава и чиста животна средина за работа и учење. |
| **3.5.** | **Оценувањето како дел од наставата** | • Методи и форми за оценување;<br>Ревидирање на Индивидуален образовен план за учениците со ПОП;<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата; |
| **3.6.** | **Известување за напредокот на учениците** | • Известување на родителите за напредокот на учениците;<br>• Известување на родителите за напредокот на учениците со ПОП. |

### 3.1. Планирања на наставниците

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Индивидуални планирања на наставниците;**<br>• **Индивидуален образовен план (ИОП) на наставниците за учениците со ПОП;**<br>• **Поддршка и следење на планирањата на наставниците;**<br>• **Размена на искуства и информации;**<br>• **Распоред на часови;**<br>• **Вклучување на еколошките содржини во индивидуалните планирања на наставниците согласно еколошката програма.** |
| **Извори на податоци** | |
| • Годишни, тематски планирања и дневна подготовка;<br>• Дневна подготовка за ученици со ПОП;<br>• Записници од состаноците на струч-ните активи; | Во училиштето има пропишани и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручните соработници. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и од стручните соработници .<br>Сите наставници навремено ги планираат: редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација. |

- Записници од состаноци на УИТ;
- Записници од состаноци на ИТУ;
- Разговор со директор, педагог, наставници;
- Распоред на часови;
- Планирања за додатна и дополнителна настава;
- Планирања за професионален развој на наставниците и стручните соработници;
- Тематските планирања на наставници-те со вметнати содржини од еколош-ката програма.

За учениците со ПОП кои наставата ја следат по диференциран пристап, наставниците применуваат различни стратегии за работа во текот на наставниот процес кои соодветствуваат на нивните индивидуални можности и способности.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.







Наставниците планираат во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта, користат меѓународни искуства и др.

Во планирањата на наставниците интегрирани се еколошки содржини и точки на акции од воспоставените еко-стандарди согласно еколошката програма.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, проектни активности и тој се реализира според предвидената динамика.

## 3.2. Наставен процес

| **Теми:** | • **Наставни форми и методи;**<br>• **Употреба на ИКТ во наставата;**<br>• **Избор на задачи, активности и ресурси;**<br>• **Определување на диференцирани цели за учениците со ПОП;**<br>• **Интеракција помеѓу наставниците и учениците;**<br>• **Интеракција меѓу наставниците и учениците во реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди,**<br>• **Приодот на наставникот кон учениците;**<br>• **Приод на наставникот кон учениците со ПОП;**<br>• **Следење на наставниот процес.** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| • Анкета со наставниците, родителите и учениците;<br>• Годишна програма за работа на директор и педагог;<br>• Годишна програма за работа на дефектолог;<br>• Годишни, тематски, дневни планирања;<br>• Дневна подготовка за ученици со ПОП;<br>• Инструмент за следење на планирањата и подготовката на наставниот час;<br>• Инструмент за следење на изведбата на наставниот час;<br>• Инструмент за следење на водењето и текот на наставниот час;<br>• Инструмент за опсервација на час во клас каде има ученик со ПОП;<br>• Сертификација на наставници; | Од анкетата спроведена со наставниците, учениците и родителите, најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи, што соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните способности за учење на секој ученик, како и компетенцијата за претприемништво и вештините за соработка, комуникација, критичко мислење, решавање проблеми, креативност и иновација.<br><br><br><br><br>Во сите училници има мрежно поврзани компјутери на интернет, сите наставници се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. |

| | |
|---|---|
| • Увид на час | Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати кои им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Наставниците и учениците ги споделуваат целите за реализација на еко-проектите.<br>Наставниците редовно ги реализираат поставените прилагодени цели за учениците со ПОП. Кај учениците со ПОП кои наставата ја следат по диференциран пристап, наставниците применуваат стратегии за работа кои соодветствуваат на нивните индивидуални можности и способности.<br>Најголем број од наставниците се изјасниле дека користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците за поуспешна реализација на наставната програма, а учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера.<br>Според учениците, наставниците кон нив се однесуваат на начин што промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање и при тоа не прават разлика според полот, според социјалното потекло и според етничката и религиската припадност.<br><br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес која редовно се применува. Постои практика на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив.<br>Најголем број од наставниците се изјасниле дека користат позитивни приоди да |

| | |
|---|---|
| | ги мотивираат учениците со ПОП за поуспешна реализација на наставната програма. |




### 3.3. Искуства на учениците од учење

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Средина за учење;**<br>• **Атмосфера за учење;**<br>• **Поттикнување на учениците за преземање одговорност;**<br>• **Поттикнување на учениците со типичен развој за прифаќање на учениците со ПОП;**<br>• **Инклузивна клима за учење;**<br>• **Поттикнување на учениците за преземање одговорност во раеализацијата на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди;**<br>• **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните.** |
| **Извори на податоци** | |
| • Анкета за учениците, родителите и наставниците;<br>• Еко-стандарди; | Најголем број од наставниците се изјасниле дека учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера .<br>За време на часот, наставниците ги охрабруваат учениците на самостојна работа |

| | |
|---|---|
| • Извештаи од промовирање на инклузијата во училиштето (предавања, работилници);<br>• Програма за работа и извештаи на ученичката заедница;<br>• Разговори со ученичката заедница, родителите и наставниците;<br>• Увид во ученичките досиеја;<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>• Формулар за членови на еко-одбор (прв чекор од еколошката програма). | и критичко мислење, ги поттикнуваат да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Сите ученици се поттикнуваат да учествуваат во активностите за време на часот.<br>Поголем број од учениците сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето, а мал број мислат дека имаат таква можност, но не секогаш.<br>Во инклузираните класови, постои позитивна инклузивна клима. Учениците со ПОП се прифатени и поддржани од своите соученици.<br>Сите заинтересирани ученици имаат можност да го изразат своето мислење при реализација на еко-проектите.<br>Најголем дел од учениците сметаат дека училиштето со сите структури, низ организирани форми поттикнува и мотивира комуникација и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето.<br><br>Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од училиштето, во групи со различна структура и големина. |

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

| **Теми:** | • **Идентификување на образовните потреби на учениците;**<br>• **Идентификување на образовните потреби на учениците со ПОП;**<br>• **Почитување на различните потреби на учениците во наставата;**<br>• **Адаптирање на училишната средина за потребите на учениците со ПОП;**<br>• **Обезбедување и одржување на безбедна, здрава и чиста животна средина за работа и учење.** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| • Анкета за учениците, родителите и наставниците;<br>• Анализа на сметките за електрична и топлинска енергија и вода.<br>• Еко-стандарди;<br>• Индикатори за реализација на точките на акции од еко-стандардите;<br>• Прилог за идентификација на ученици со ПОП;<br>• Програма за работа и извештаи на ученичката заедница;<br>• Разговори со ученичката заедница, родителите и наставниците;<br>• Увид во ученичките досиеја;<br>• Увид во ученичко досие на ученик со ПОП;<br>• Увид во евиденцијата на стручни соработници; | Наставниот кадар и стручни соработници континуирано ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.<br>Наставниот кадар и стручните соработници континуирано ги идентификуваат образовните потреби на учениците со ПОП, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.<br>Училиштето е делумно адаптирано за потребите на учениците со ПОП, при што контуирано се следат потребите на учениците со ПОП, и се преземаат активности за реализирање на истите.<br>Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците преку различни стилови на учење да научат најмногу што можат.<br><br> |

| | |
|---|---|
| | Во оценувањето користат различни техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум.<br>Наставниот кадар и стручните соработници се целосно информирани и активно учествуваат во реализацијата на точките на акции од воспоставените еко-стандарди. |

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

| **Теми:** | • **Училишна политика за оценување;**<br>• **Методи и форми на оценување;**<br>• **Користење на информациите од оценувањето во наставата.** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| • Анкети и интервјуа со учениците, наставниците и родителите;<br>• Евиденција на наставниците за остварените средби со родителите;<br>• Записници од стручните активи и наставничкиот совет;<br>• Записници од состаноци на УИТ;<br>• Записници од состаноци на ИТУ;<br>• Интерни кодекси на училиштето;<br>• Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците;<br>• Користени инструменти за оценување;<br>• Одлука и Решение на членовите на УИТ и ИТУ;<br>• Програма за работа на училиштето;<br>• Правилник за оценување и напредување на учениците; | Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи го и кодексот за оценување. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознати.<br>Најголем дел од учениците тврдат дека во оценувањето наставниците користат различни методи и инструменти за оценување.<br>Наставниот кадар и стручните соработници, континуирано ги следат постигнувањата на учениците со ПОП, со одржување на состаноци на Инклузивните<br><br><br><br> |

| | |
|---|---|
| • Примери на оценети ученички трудови;<br>• Увид во педагошката евиденција и документација. | тимови за ученици, непосредно за време на час од страна на наставниците.<br>Поголем дел од учениците сметаат дека наставниците редовно им даваат повратни информации за нивната работа и дискутираат со нив за напредокот и постигнувањата.<br>Најголем број од наставниците редовно дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувања и акцент ставаат на вреднувањето на тековните постигнувања на учениците и на идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.<br>Најголем дел од наставниците напредувањето на учениците го евидентираат во ученичко портфолио (изработено и усогласено на ниво на стручен актив). Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и спроведувањето на наставната тема. |

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

| **Теми:** | • **Известување на родителите за напредокот на учениците;**<br>• **Известување на родителите за напредокот на учениците со ПОП.** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| • Анкети и интервјуа со родителите;<br>• Евиденција на наставниците за остварените средби со родителите;<br>• Електронски дневник;<br>• Записници од консултации со родители на ученици со ПОП;<br>• Записници од состаноци на ИТУ;<br>• Записници од состаноци на УИТ;<br>• Интерни кодекси на училиштето;<br>• Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците; | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и ги информира родителите за оценката, вклучувајќи детални препораки за подобрување на постигнувањата, за која цел се користат родителски средби, групни средби и индивидуални средби.<br>Увид во напредувањето и постигнувањето на учениците, родителите добиваат преку е-дневникот и преку известување од класниот раководител.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите на учениците со ПОП за напредокот на нивните деца. Системот вклучува редовни состаноци на ИТУ на кои родителите на ученици со ПОП, задолжително се присутни и непосредно добиваат информации од наставниците за постигнувањето на своето дете, преку индивидуални средби. Родителите се вклучени и во работата на УИТ, каде на непосреден начин се вклучени во креирањето на инклузивната клима во училиштето.<br>Најголем број од родителите сметаат дека наставниците водат целосна и |

| | |
|---|---|
| • Одлука и Решение за родителот како член на УИТ и ИТУ;<br>• Увид во педагошката евиденција и документација. | уредна евиденција за успехот и поведението на учениците, поголем број сметаат дека во секое време им е достапна евиденцијата за напредокот на нивните деца и дека повратно реагираат на добиените информации.<br>Најголем број од нив сметаат дека воведувањето на електронскиот дневник ја подобрува контролата на успехот и поведението на нивните деца и дека соработката наставник – родител – ученик води кон подобрување на образовниот процес.<br>На родителите им е дадена можност да дадат повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигнувањата и напредокот на нивните деца. |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | • Севкупна грижа за учениците<br>• Инклузивна клима во училиштето.<br>• Квалитетно изработени планирања на наставниците<br>• Примена на индивидуални стратегии за работа со учениците со ПОП<br>• Примена на современи наставни форми и методи.<br>• Редовно и систематско известување на родителите за напредокот на учениците. |
| Слаби страни | • Потреба од мултифункционален простор во училиштето, каде ќе се оддржуваат вонnаставни активности од различен карактер. |
| Приоритети | • Обезбедување и опремување на мултифункционален простор во училиштето, каде ќе се оддржуваат вонnаставни активности од различен карактер. |

## Подрачје 4. Поддршка на учениците

| Ред. бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **4.1.** | **Севкупна грижа за учениците** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди;<br>• Превенција од насилство;<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога;<br>• Квалитет на достапна храна;<br>• Општа и интензивирана поддршка на учениците со посебни образовни потреби;<br>• Грижа за учениците од социјално загрозени семејства. |
| **4.2.** | **Здравје** | • Хигиена и заштита од болести;<br>• Спроведување на точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко-стандарди;<br>• Грижа за менталното здравје на учениците,<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми;<br>• Грижа за здравјето на учениците со посебни образовни потреби. |
| **4.3.** | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | • Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br>• Кариерно советување на учениците со посебни образовни потреби<br>• Грижа за учениците со емоционални потешкотии. |
| **4.4.** | **Следење на напредокот** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците;<br>• Водење евиденција за индивидуалнот напредок на учениците со посебни образовни потреби;<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки. |

### 4.1. Севкупна грижа за учениците

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди;**<br>• **Превенција од насилство;**<br>• **Заштита од пушење, алкохол и дрога;**<br>• **Квалитет на достапна храна;**<br>• **Поддршка на учениците со посебни образовни потреби;**<br>• **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства.** |

| Извори на податоци | |
|---|---|
| Програма за работа на директорот;<br>Програма за работа на стручните соработници;<br>Записници од разговори со родители и ученици;<br>Увид од работа на проекти;<br>Увид во просторните капацитети;<br>Интервјуа со наставници, ученици и родители;<br>Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето;<br>Евиденција од училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми;<br>Евиденција од училиштето за ученици со посебни образовни потереби.<br>Досиеја на учениците;<br>Годишна програма за работа на училиштето;<br>Статут на училиштето;<br>Кодекс на однесување во училиштето;<br>Извештај на анкетите за учениците, наставниците и родителите. | Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (скали, подови, кров, прозорци, струјни места) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреда на учениците, но во дел од училниците, проценка на тимот е дека треба да се изврши поправка на постоечките подови и врати. Потенцијално опасните места се посебно означени. Во училиштето има обучен кадар за пружање на прва помош при несреќни случаи. Носители на овие активности се сите наставници, како и дел од учениците кои се членови на Црвениот крст. Училиштето има интерен акт за постапување во случаи на елементарни непогоди и се изведуваат симулации најмалку еднаш годишно. Наставниот кадар е обучен за пружање прва помош. Постои колективно осигурување за учениците, наставниците и училишниот објект.<br>Во училиштето има пишан документ Политика за заштита на децата во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, кои се сметаат за психичко и физичко насилство. Формиран е тим за превенција од насилство кој е составен од преставници на наставниот кадар и стручните соработници. Училиштето е нулта толерантно кон секој облик на насилство. Документот е достапен за учениците, наставниците и родителите, при што секој си ги знае своите права и процедури за поднесување жалба, во случај на поплака, а училиштето е должно да постапи и тоа го прави навремено и непристрасно. Во училиштето не се регистрирани случаи на психичко и физичко насилство и не постои меѓунационална нетрпеливост помеѓу учениците и наставниците. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на учениците со заедничка активност и координираност со институциите на локалната заедница и другите релевантни институции.<br>Постои политика за забрана за пушење цигари, конзумирање алкохол и наркотични супстанции која се почитува. Постојат пишани процедури за регистрирање на појава на вакви состојби и постапување при секое отстапување од нив.<br>Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Најголем дел од родителите и учениците сметаат дека исхраната е личен избор. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана на учениците.<br>Учениците со ПОП, кои наставата ја следат по диференциран пристап, добиваат општа поддршка од училиштето, при што покрај наставникот се вклучени и стручните соработници кои водат евиденција за напредокот на учениците. Во училиштето има 5 ученици со посебни образовни потреби. Пристапот во училиштето е приспособен за потребите на учениците со посебни образовни потреби, а има и лифт кој што делумно го олеснува движењето на учениците низ спратовите. Постојат и посебни тоалети за нивните потреби. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето води грижа за социјално загрозени ученици преку организирање на хуманитарни акции.<br>За реализација на образовните активности училиштето соработува со родителите, локалната заедница, Центарот за социјална работа, секторот за внатрешни работи, локалната библиотека ,,Гоце Делчев”, Народниот музеј, театарот ,,Јордан Хаџи Константинов - Џинот“, Црвен Крст, Здравен дом – Велес, и други релевантни институции. |

**4.2. Здравје**

| **Теми:** | ● **Хигиена и заштита од болести;**<br>● **Спроведување на точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко- стандарди;**<br>● **Грижа за менталното здравје на учениците;**<br>● **Грижа за учениците со здравствени проблеми;**<br>● **Грижа за здравјето на учениците со посебни образовни потреби.** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| ● Годишна програма за работа на училиштето;<br>● Фактури за набавка на средства за хигиена и дезинфекција;<br>● Потврди за извршени санитарни прегледи на вработените;<br>● Санитарни книшки;<br>● Куќен ред;<br>● Правилник за организација и систематизација на работата и работните места;<br>● Записници од органите на училиштето;<br>● Записници од надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на децата;<br>● Анкети со ученици, родители и наставници;<br>● Увид во педагошката евиденција и документација; | Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето се грижи за одржување на хигиената на училишниот објект, со тоа што училниците, ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во ден. Тоалетите се чисти и дезинфицирани. Во училишните ходници и во дворот на училиштето има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Секоја учебна година на почетокот се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просторот. Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи на наставниците и учениците и вакцинации на учениците.<br>Училиштето целосно ги реализира точките на акции од воспоставените еко-стандарди со цел постигнување на високо ниво на хигиена во училиштето и заштита на здравјето на учениците и вработените.<br>Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои заради болести или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовна настава. Училиштето соработува со родителите и со други релевантни институции (здравствени установи и центарот за социјална работа). Училиштето води грижата за менталното здравје и психосоцијалната поддршка на учениците, преку примена на холистички пристап и систематска поддршка во која ги вклучува сите чинители од училишната средина – соучениците, наставниците, стручните соработници, како и |

| | |
|---|---|
| ● Увид во училишниот двор;<br>● Еко-стандардите;<br>● Акциски план за реализирање активности за менталното здравје | родителите. Во училиштето се води грижа за здравјето на учениците со посебни образовни потреби, и соодветно постапува според индивидуалните здравствени проблеми на учениците со посебни образовни потреби.<br>Во текот на наставната година во училиштето се реализираат активности од акцискиот план на теми кои се однесуваат на менталното здравје кај учениците кои произлегуваат од програмата за психосоцијална помош и подршка во унапредување на добросостојбата и менталното здравје на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини. |

### 4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

| | |
|---|---|
| **Теми:** | ● **Давање помош при избор на занимање, институција за понатамошно образование,**<br>**доусовршување или вработување;**<br>● **Грижа за учениците со емоционални проблеми.** |
| **Извори на податоци** | |
| ● Анкети за ученици и родители;<br>● Флаери од факултети;<br>● Фотографии од презентации;<br>● Педагошка евиденција;<br>● Програма за работа на стручната служба;<br>● Записници од индивидуални разговори;<br>● Педагошка евиденција;<br>● Записници од родителски средби. | Училиштето води грижа за избор на понатамошното образование на учениците.<br>Со цел професионално информирање на учениците, училиштето организира Отворен ден на кој своите образовни програми ги презентираат високо-образововните институции од државата.<br>Во текот на реализацијата на наставата, учениците се оспособуваат за пишување на сопствена кратка биографија (CV) и мотивациско писмо. Учениците пишуваат и текстови и есеи за нивното идно занимање т.е. образование. На класните часови класните раководители ги поттикнуваат учениците на размислување за понатамошното образование. Исто така на родителските средби, во разговор со родителите, се дискутира на тие теми. На учениците со посебни образовни потреби училиштето им дава неопходна поддршка за да може да донесат вистинска одлука по завршувањето на средното образование.<br>За учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот, нередовноста во наставата и намалување на поведението, класните раководители ги информираат стручните соработници. Со овие ученици се работи индивидуално, во соработка со родителите, а по потреба се запознаваат и предметните наставници. |

### 4.4. Следење на напредокот

| Теми: | ● Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците;<br>● Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците со посебни образовни потреби;<br>● Анализа на напредокот на учениците по паралелки. |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| ● Извештаи и анализи;<br>● Записници од одржани состаноци на ИТУ и УИТ;<br>● Разгледување на педагошката евиденција и документација;<br>● Разговори со наставниците и со стручните соработници;<br>● Годишна програма за работа на училиштето;<br>● Ученички досиеја;<br>● Програма за работ на стручните соработници;<br>● Извештаи од работата на стручните активи;<br>● Портфолија;<br>● Стандарди за оценување на учениците;<br>● Анкети. | Сите наставници водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста и поведението. Во евиденцијата се внесени податоци за напредокот на учениците што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците. Освен водење на задолжителна педагошка евиденција, наставниците водат и ученички досиеја во кои се чуваат сите изработки, творби, задачи и тестови кои учениците ги изработиле во текот на учебната година. Најголем број од учениците и родителите се задоволни од информираноста за напредокот на учениците. Исто така и најголем број од наставниците се изјасниле дека континуирано ги информираат родителите за напредокот на учениците.<br>Училиштето редовно го следи напредокот на учениците со посебни образовни потреби. Училиштето континуирано го следи напредокот на учениците по паралелки во однос на успехот, редовноста и поведението. Сите класни раководители изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за постигањето на паралелката. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класните часови, а родителите на родителските средби. Стручните соработници редовно изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи по полова и етничка структура за напредокот на учениците по паралелки, според податоците добиени од класните раководители. Редовно се одржуваат состаноци на стручните активи и наставнички совети на кои се анализираат, постигањата на учениците по паралелки.<br>Наставниците во своите наставнички портфолија прават рефлексија на процесот на оценување на учениците (чек-листа, аналитички и бодовни листи, холистички листи и др.) почитувајќи ги критериумите и стандардите на оценување. Искажувањата на родителите на состаноците на Советот на родители се позитивни . |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | ● Грижа за здравјето, хигиената и заштитата од болести, спроведување на точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко-стандарди и грижа за учениците со здравствени проблеми;<br><br>● Професионално насочување на учениците при избор на понатамошното образование;<br><br>● Кариерно насочување на учениците со посебни образовни потреби;<br><br>● Грижа за учениците со емоционални потешкотии;<br><br>● Грижа за менталното здравје на учениците;<br><br>● Следењето на напредокот на учениците преку водење евиденција за индивидуалниот напредок, како и анализа на напредокот на учениците по паралелки;<br><br>● Општа поддршка за учениците со посебни образовни потреби во текот на наставниот процес. |
| Слаби страни | ● Дотрајани подови и врати на одредени училници. |
| Приоритети | ● Реновирање на одредени училници. |

**Подрачје 5. Училишна клима**

| Ред. бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **5.1.** | **Училишна клима и односи во училиштето** | • Углед / имиџ на училиштето;<br>• Кодекс на однесување;<br>• Училипшна клима;<br>• Поведение и дисциплина во училиштето;<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки. |
| **5.2.** | **Промовирање на постигањата** | • Промовирање на личните постигања на учениците;<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето. |
| **5.3.** | **Еднаквост и правичност** | • Познавање на правата на децата;<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици;<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот. |
| **5.4.** | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | • Соработка на училиштето со родителите;<br>• Соработка со локалната заедница;<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор. |

**Подрачје 5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

| Теми: | • **Углед / имиџ на училиштето**<br>• **Кодекс на однесување** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| • Кодекс на однесување;<br>• Анкети со наставници, родители и ученици;<br>• Педагошка евиденција на изречени педагошки мерки;<br>• Статут на училиштето;<br>• Кодекс за оценување, напредувањето, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците. | Средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин“ е училиште со над сто и шеесет годишна традиција. Тоа е интелектуален расадник кој остава белег во севкупното општествено живеење не само во Велес, туку и во државата. Успехот во гимназијата се должи на севкупните заложби на наставниот и на ненаставниот кадар кои целата своја стручност и ентузијазам секојдневно ги втемелуваат во работа со младите. Успесите на гимназијата се вградени во генерации ученици кои подготвени во гимназиските клупи своето образование го продолжуваат на високообразовните институции. Генерации гимназијалци станаа познати научни, културно просветни и општествени работници. Со тоа гимназијата изгради свој препознатлив углед и имиџ не само во градот, туку и во државата.<br>За остварување на целите и задачите на севкупната дејност на училиштето ангажирани се директор, психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор, библиотекар, наставници, секретар, хигиеничари и ноќен чувар.<br>Наставата се изведува во задоволителни просторни услови, во кои наставниците користат современи техники и соодветни нагледни средства и применуваат современи активни методи во наставата. Нашето училиште се издвојува и со солидниот успех што го постигнуваат учениците по сите наставни предмети, по освоените многубројни награди на натпревари во државата, но и надвор од неа. Високите резултати на Државната матура само ја надополнуваат позитивната слика за Гимназијата. Гимназијалците според своите интереси и афинитети, имаат можност по своја желба да изберат изборни предмети, изборни подрачја: општествено – хуманистичко група А и Б, природно - математичко група А и Б и јазично - уметничко група А и Б, проектни активности и проектни задачи од сите наставни области кои им овозможуваат да ја постигнат својата цел – да стекнат знаења кои се трајни и применливи во практиката. |

Учениците долгогодишната традиција ја негуваат на многу полиња: натпревари, спортски достигнувања, драмски претстави, ликовни изложби, промоции, дебати, ораторски вечери, работилници, екскурзии, забави, трибини.

Училиштето води грижа за здравјето на учениците преку организирање на редовни систематски прегледи, стоматолошки прегледи и вакцинации. Покрај ова организира и предавања, дебати и дискусии на многу теми поврзани со здравјето на младите, сето тоа во соработка со лекари и други стручни лица, соработници на Гимназијата. Се води грижа и за вработените во училиштето, така што задолжително се спроведуваат систематски и санитарни прегледи .

За безбедноста во училиштето по иницијатива на Советот на родители се грижеше Агенција за физичко обезбедување. Училишниот двор иако е голем и отворен, сепак е добро холтикултурно уреден и осветлен. Тој преставува пријатно место за одмор не само на учениците за време на одморите, туку и на граѓаните.

Училиштето има на располагање доволен број на простории . Условите во училниците се на завидно ниво но, неопходно е санирање на состојбата со ѕидовите, вратите и подовите. Извршени се зафати во кабинетите сместени во подрумските простории кои беа со субстандардни услови за престој и работа. За целосно реализирање на сите промени и активности, училиштето прави напори на зајакната соработка со локалната заедница и МОН.

Училиштето има изготвено Куќен ред кој го сочинуваат бројни Правилници за однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување за сите структури во училиштето (наставен кадар, ученици, ненаставен кадар, родители, екскурзии, забави, наставници почетници и др.). Сите субјекти вклучени во училиштето ги почитуваат правилата на однесување. Во случај на прекршување на принципите и правилата пропишани во правилниците, се реагира со утврдени мерки. Во изготвувањето на правилниците учествуваа претставници на сите структури, а при нивното усвојување спроведена е јавна и демократска процедура. Училиштето води грижа за взаемно почитување и рамноправен третман на сите субјекти. Во училиштето професионалната соработка помеѓу вработените е на високо ниво со што се создава современа култура и здрава клима за тимско работење, каде се почитуваат стандардите на однесување во училиштето.

Сите ученици во училиштето се прифатени без оглед на полот, способностите, социјалната структура, етничката припадност и верата. Со оглед на фактот што во

училиштето паралелките се со различен етнички состав, македонски и албански, со сите ученици постојано се разговара за одржување на позитивна, ведра и конструктивна атмосфера во училиштето, со особен акцент на меѓусебната соработка и почитување меѓу учениците, заемна грижа и меѓусебно помагање. Сето ова го потврдуваат и резултатите од спроведена анкета меѓу учениците.

| Анкетен прашалник спроведен на репрезентативен примерок од 158 ученици од 1 до 4 година помеѓу паралелките со македонски и албански наставен јазик | Целосно се согласувам | Не се согласувам | Не знам |
|---|---|---|---|
| Се чувствувам безбеден/на во училиштето | 74,5 | 9,5 | 16,0 |
| Во нашето училиште постои соработка помеѓу учениците и наставниците | 57,4 | 38,9 | 3,7 |
| Чувствувам дека моето мислење е важно за наставниците | 52,7 | 38,2 | 9,1 |
| Училиштето има механизми за разрешување и превзема мерки во ситуации на насилство (булинг) помеѓу учениците | 61,8 | 12,7 | 25,5 |

Дисциплината на учениците е на завидно ниво. За време на наставата и другите училишни активности постои работна атмосфера. Вкупниот број на ученици во учебната 2024/2025 изнесува 385. Најчести причинители за намаленото поведение се изостанувањата од настава на учениците поради задоцнување на часовите. Во многу помал процент е самоволното напуштање на одредени часови од најразлични причини. Овие појави се подеднакво присутни и кај машките и кај женските ученици, а се одразува на нивниот успех и поведение. Нив училиштето настојува да ги надмине со индивидуални разговори со учениците, родителите, класните раководители и

| | |
|---|---|
| | стручната служба, како и со изрекување соодветни педагошки мерки, согласно Законот за средно образование и Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки. Евидентна е успешната соработка на менаџерскиот тим и стручната служба со наставниците и учениците. Инструктивната работа е добро испланирана и реализирана. Стручната служба превзема низа активности за индивидуална работа со учениците кои манифестираат несоодветно однесување како и работа со учениците со ПОП. Покрај поведението, редовно се следат и постигнувањата на учениците. Во нашето училиште во учебната 2023/24 има 7 ученици кои не ја завршиле годината, 5 ученика од прва година од паралелката со настава на албански јазик и 2 ученика од трета година. Учениците навремено и целосно се информираат за сите промени и новини што се од нивен интерес. Преку ученичката заедница и класното раководство, дебатираат по одредени прашања поврзани за училишниот живот, со предлози и идеи за реализирање на нови активности, а учествуваат и во решавањето на проблеми и донесуваат одлуки што се од нивно значење. |

**Подрачје 5.2. Промовирање на постигањата**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>• **Промовирање на постигањата во име на училиштето** |
| **Извори на податоци** | |
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Пофалби, награди, благодарници;<br>• Анкети со наставниците, стручни соработници, ученици, родители;<br>• Правилник за избор на првенец на | Една од приоритетните задачи на училиштето е грижата за индивидуалниот развој на секој ученик. За таа цел училиштето постојано ги следи, евидентира и промовира личните постигања на учениците. Доказ за сето ова е редовно ажурирање на ВЕБ страната на училиштето, настапите на локалните портали. Наставниот кадар постојано се залага средината за учење да биде стимулативно место за учење и очекува солидни постигнувања, редовност и поведение на учениците. Најголем дел од учениците имаат очекувања за повисоки постигнувања во учењето и аспирации за |

| | |
|---|---|
| генерација;<br>• Правилник за избор на првенец на Гимназијата;<br>• Медиумско промовирање на постигањата на учениците;<br>• Промовирање на постигањата на учениците на училишната веб-страна;<br>• Брошура – Извештај за наставно-воспитната работа на училиштето. | повисоки постигања на ниво на училиште и на националните оценувања, каков што е примерот со Државната матура.<br>Наставниот кадар го практикува пофалувањето како начин за мотивирање на учениците.<br>Учениците имаат можности согласно своите способности и интереси да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вонналставните активности. Сите нивни творби, трудови и проекти не само во училиштето туку и јавно се промовираат пред граѓаните на Велес . Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално, национално и меѓународно ниво. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех. Менторите јавно се пофалуваат. Училиштето избира првенец на генерацијата и првенец на Гимназијата според однапред утврдени правила на бодување, каде се вреднуваат континуираниот одличен успех, редовноста, поведението и учествата и наградите на натпревари.<br>Во чест на Сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј ученикот Кристијан Мартинов го доби признанието најдобар ученик од средните училишта во Општина Велес и професорката Христина Леова најдобар просветен работник за учебната 2024/2025година. Училиштето има потпишано неколку меморандуми за соработка на училиштатата и факултетите од нашата држава и надвор од неа. |

**Подрачје 5.3. Еднаквост и правичност**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Познавање на правата на децата**<br>• **Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>• **Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот** |

| Извори на податоци | |
|---|---|
| • Педагошка евиденција, структура на паралелките, промоција за учениците и родителите;<br>• Анкети со ученици, родители и наставници;<br>• Програма за работа на стручната служба. | Сите вработени во училиштето ги познаваат и почитуваат правата на децата, независно од социјалната, економската, верската и националната припадност. Кон сите ученици пристапуваат подеднакво, без разлика на полот, успехот, поведението, социјалниот статус и етничката припадност. Секој ученик според потребите добива дополнителна поддршка и помош во однос на неговите афинитети и способности. Подеднакво се прифатени и петте ученика со посебни образовни потреби. Училиштето има слободен пристап за влез и излез на ученици со посебни образовни потреби, има посебен тоалет како и лифт за слободен пристап.<br>Учениците се запознати со критериумите за нивно оценување, а секој понеделник од страна на класните раководители се информираат за нивното напредување, но и за редовноста. За сите негативни промени, редовно се информираат родителите.<br>Истакнувањето на информации и соопштенија се прави и на огласната табла во училиштето како и со редовно ажурирање и на веб страната. Родителите имаат пристап до Е-дневникот каде во секој момент имаат увид во успехот, редовноста и поведението на учениците. Училиштето обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици, вклучувајќи ги и машките и женските ученици, како и учениците со посебни образовни потреби. Учениците од четирите паралелки со настава на албански јазик рамноправно се прифатени и интегрирани во воспитно образовниот процес.<br>При формирањето на паралелките на почетокот на учебната година, се води грижа за еднаквата застапеност на ученици според полова, социјална, економска структура како и според основното училиште кое го завршиле. Сите ученици се подеднакво вклучени во активностите на училиштето, во воннаставните активности, во проектните активности и во натпреварите кои се одржуваат на општинско, регионално и државно ниво. Исто така, при формирањето на класните заедници во паралелките, класните раководители подеднакво ги вклучуваат и машките и женските ученици. И учениците од албанските паралелки имаат рамноправен третман во вклучувањето во сите наставни и воннаставни активности. |

**Подрачје 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Соработка на училиштето со родителите**<br>• **Соработка со локалната заедница**<br>• **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор** |
| **Извори на податоци** | |
| • Извештај за работата на училиштето;<br>• Записнинци од совет на родители и родителски средби;<br>• Статутот на училиштето;<br>• Записници од состаноци од училишниот одбор;<br>• Фотографии. | Училиштето има добро развиена соработка со родителите на учениците и ги поттикнува да се вклучат во работата на училиштето во рамките на формалните нивоа на одлучувања (Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор). Комуникацијата на училиштето со родителите се одвива преку редовно одржување на најмалку четири родителски средби годишно, на кои се разгледува напредувањето на учениците, но и се разговара за прашања од значење за учениците. Покрај ова се реализираат и индивидуални консултации со родителите за што постои и изготвен распоред за секој наставник. Родителите го добиваат распоредот на првата родителска средба, а истиот е објавен и на веб страната на училиштето. Неретко, при реализација на наставните цели, наставниците поканувaат родители за да допринесат во квалитетот на наставата со содржини кои се адекватни на нивната стручност и нивната професија. Така реализирани се низа успешни превентивно едукативни предавања за спречување на пороците, одредени болести, асоцијално девијантни однесувања и слично. Праксата ни покажа дека овој вид на соработка е добро прифатен од учениците и дава позитивни резултати.<br>Родителите се чувствуваат добродојдени и пријатно во училиштето.<br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница. Има одлична соработка со културните и други институции, Сојузот на борците, Црвениот крст, спортските клубови, Локалната самоуправа и др.<br>Гимназијата е креатор на културното и спортското живеење во градот. За сите театарски претстави, музички и други културни настани, како и спортски натпревари се бара столче повеќе. Така беше и оваа учебна година со изведбата на театарската |

| | |
|---|---|
| | претстава ,,Кој го уби сонцето?“, по повод Денот на училиштето и театарската претстава „Штрајкот на Велешките гимназијалци“ по повод одбележување на истоимениот настан на 14 март.<br>Училиштето промовира и волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата. Имено наши ученици се активни и долгогодишни волонтери во Општинскиот Црвен крст за помош и грижа за стари лица. И локалната заедница се вклучува во подобрување на условите за работа во Училиштето, како и поддржување на низа училишни активности. Училиштето промовира и прифаќа вклучувања на соработници од заедницата во наставните и воннаставните активности, со што учениците се запознаваат со практичната примена на нивните знаења.<br>Гимназијата остварува квалитетна соработка со деловната заедница, посебно на полето на едукација на учениците со позитивните практики од нивното работење.<br>Училиштето соработува и со невладиниот сектор, постојат добри практики во досегашната работа кои ги оценуваме како исклучително важни. Гимназијалците се дел од Младинскиот локален совет.<br>Гимназијата соработува со Високошколски установи од Македонија и надвор од неа. На Отворениот ден на Гимназијата, матурантите се информираат за условите и можностите за упис на истите. |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | • Високостручен и професионален наставен кадар;<br>• Добра професионална соработка меѓу колегите ;<br>• Учество на разни натпревари и освојување на многубројни награди;<br>• Добра соработка со менаџерскиот тим и стручната служба;<br>• Добра соработка со локалната заедница;<br>• Редовно информирање на учениците и родителите;<br>• Почитување на правата на децата;<br>• Постојано следење на личните постигања на учениците и на училиштето;<br>• Мотивирање на учениците од страна на менторите;<br>• Активна веб страна на училиштето за промовирање на постигањата и резултатите; |

| | |
|---|---|
| | • Добри услови за настава;<br>• Училиштето изработува проекти со кои аплицира во разни државни, меѓународни и локални институции како и НВО. Изработува и реализира интерни проекти;<br>• Засилена соработка на училиштето со училишта од други земји со цел поврзување на учениците со врсниците од Европа и САД. |
| Слаби страни | • Работа на две училишта во иста зграда и настава во две смени. |
| Приоритети | • Реновирање на учлниците за подобра стимулативна средина за учениците и вработените (санирање на оштетувањата на зидовите,замена на вратите и подовите). |

**Подрачје 6. Ресурси**

| **Ред. бр.** | **Индикатори за квалитет** | **Т е м и:** |
|---|---|---|
| **6.1.** | **Сместување и просторни капацитети** | • Просторни услови;<br>• Искористеност на просторните капацитети. |
| **6.2.** | **Наставни средства и материјали** | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала;<br>• Училишна библиотека;<br>• Потрошен материјал. |
| **6.3.** | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар;<br>• Ефикасност и распоредување на кадарот;<br>• Стручната служба како поддршка на наставниот кадарот. |
| **6.4.** | **Следење на на развојните потреби на наставниот кадар** | • Професионален развој на наставниците. |
| **6.5.** | **Финансиско работење во училиштето** | • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење;<br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет. |

### 6.1. Сместување и просторни капацитети

| Теми: | • **Просторни услови**<br>• **Искористеност на просторните капацитети** |
|---|---|
| **Извори на податоците** | |
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Развоен план на училиштето;<br>• Непосреден увид;<br>• Записници од просветна и санитарна инспекција;<br>• Распоред на часови;<br>• Полугодишен и годишен извештај;<br>• Записници од работата на стручните активи;<br>• Анкета со наставници, родители и ученици. | Училиштето има заеднички училници и санитарни простории со Хемиското училиште и реализира настава во две смени, што претставува проблем посебно за учениците кои патуваат од околните места или од пооддалечените делови на градот. Училиштето има доволно училници за непречена реализација на воспитно образовниот процес. Во внатрешниот простор постојат: 23 училници, 10 кабинети: биологија 1, хемија 1, физика 1, ликовна уметност 1, музичка уметност 1, германски јазик 1, македонски јазик 1, информатика 1, математика 1, филозофија 1,англиски јазик 1, библиотека со катче за книги на англиски јазик, една спортска сала со 4 соблекувални (2 машки и 2 женски) со тоалети и тушеви, фитнес сала, една наставничка канцеларија, канцеларија за директор, канцеларија за секретар, канцеларија за психолог, канцеларија за педагог, канцеларија за специјален едукатор и рехабилитатор, просторија за технички персонал, просторија за активот по спорт, просторија за хаус-мајстор, санитарни простории за наставниците, санитарни простории за учениците (на секој кат), просторија за обезбедување, просторија за ACCESS, котлара и подрумски простории. Во дворот има убаво уредена еко училница. Големината на училниците е соодветна на бројот на ученици во паралелките. Училишниот ентериер (клупи и столчиња, табли) постојсно се обновува .<br>Училиштето има јасен план и распоред за оптимална употреба на расположивите капацитети за изведување на наставата и прави максимални напори да ги задоволи потребите на учениците. Сите училишни простории се во целост искористени. За изведување на наставата по спорт и спортски активности училиштето располага со 2 надворешни спортски терени (ракомет и кошарка), една спортска сала и просторија за фитнес. Условите за изведување на наставата по спорт и спортски активности задоволуваат во целост. |

## 6.2. Наставни средства и материјали

<table>
<tr><td>Теми:</td><td><ul><li>Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала;</li><li>Училишна библиотека;</li><li>Потрошен материјал.</li></ul></td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td></td></tr>
<tr><td><ul><li>Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала;</li><li>Разговор со наставниците, стручната служба и директорот;</li><li>Увид во библиотечната евиденција;</li><li>Интервју со библиотекар;</li><li>Разговор со ученици;</li><li>Разговор со наставниците;</li><li>Разговор со техничкиот персонал;</li><li>Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали;</li><li>Самоеволуација на училиштето и план за развој на училиштето;</li><li>Разговор со наставниците и непосреден увид во документацијата на училиштето и интерните акти;</li><li>Полугодишен и годишен извештај;</li><li>Годишна програма.</li></ul></td><td>Фондот на стручна литература со која располага училиштето по број и квалитет делумно ги задоволува потребите на наставниците и учениците, затоа постојано се надополнува и обновува. Во поглед на наставните средства и помагала има подобрување на состојбата. Интернет конекцијата е задоволителна. Состојбата со нагледните средства е следна: Фотокопири 2, скенер 1, компјутери 98, печатачи 19, телевизори 9, DVD-рекордери 2, ЛЦД - проектори 19, ЦД - плеери 4, Лаптопи - 35, Интерактивни табли 20, бели табли 16, интерактивна мобилна табла со држач 1, интерактивен панел 1. Информатичката опрема како: компјутери, принтери, скенери, LCD проектори и фотокопири ги задоволуваат потребите на наставниците и учениците. Наставните средства и помагала по предметите физика, хемија, биологија, географија, историја, математика и др. делумно ги задоволуваат потребите за учење.<br>Училишната библиотека располага со богат лектирен фонд, а помалку е застапена стручната литература и белетристиката. Книжниот фонд во изминатите неколку години постојано се обновува. Библиотеката располага со вкупено 3242 наслови, а вкупениот број на книги изнесува 9192. Во последниве години забележано е намалување на бројот на ученици кои позајмуваат книги од училишната библиотека. Учениците се изјаснуваат дека повеќе би сакале да читаат во електронска форма. Сепак сеуште има ученици кои претпочитаат печатена верзија, и збогатена библиотека со белетристика и стручна литература.<br>Во училишната библиотека има и катче со книги на англиски јазик, со солиден број на книги. Училиштето располага со 2060 лектирни книги, 2104 стручни книги, 5028 енциклопедии, речници, литературна критика, белетристика на англиски, германски и српскохрватски јазик и 125 книги на албански јазик. Училишната библиотека работи во една смена, за време на наставата. Целокупниот книжен фонд е добро подреден, а евиденцијата се води електронски. Библиотеката е опремена со компјутер и принтер.<br>Библиотеката претставува и одличен простор во кој се реализираат предавања, работилници, советувања, трибини и друг вид на состаноци. Опремена е со две големи конференциски маси и со капацитет од 40 столчиња.</td></tr>
</table>

## 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар;**<br>• **Ефикасност и распоредување на кадарот;**<br>• **Стручната служба како подршка на наставниот кадар.** |
| **Извори на податоците** | |
| • Увид во досиејата на вработените;<br>• Увид во правилникот за систематизација;<br>• Разговор со директорот и со наставниците;<br>• Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Програма за работа на стручната служба | Во училиштето кадровската структура по бројност и квалификации на вработените е во согласност со актот за систематизација. Во персоналната документација на вработените се води уредна евиденција за секој вработен и истите се наоѓаат кај секретарот на училиштето.<br>Во училиштето се вработени вкупно 33 наставника на македонски јазик, 1 наставник на албански наставен јазик и 4 наставника кои надополнуваат на албански наставен јазик, директор, психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор, библиотекар, секретар, благајник, ноќен чувар, хаус мајстор и 7 лица технички персонал, бкупно 54 вработени. Сите наставници се со високо образование и со соодветна педагошка, психолошка и методска квалификација со положен стручен испит. Еден наставник е доктор на наука и еден магистер. Бројната состојба според половата структура на наставниците е: 12 мажи и 26 жени. Целокупниот персонал е редовен и исполнителен во извршувањето на работните обврски и задачи. Сите отсуства од работа навремено се пријавуваат. Отсуствата од работа се во согласност со Законот за работни односи и се евидентираат кај секретарот на училиштето. Задолжителното присуство на наставничките совети се евидентира на посебен список кој е во состав на Записниците. Со цел наставниот процес да се реализира редовно и без прекини, отсутните наставници навремено се заменуваат со соодветните колеги и се прави нов распоред.<br>Училиштето има стручна служба составена од психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор, која им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредувањето на учениците, справување со проблемите на индивидуално ниво и на ниво на паралелка, пружа советодавна помош на учениците и родителите. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците наставниците и родителите, достапна е и отворена за соработка. |

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

| Теми: | • **Професионален развој на наставниците** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | |
| • Интерни акти;<br>• Разговор со стручната служба, наставниците и директорот;<br>• Листи од спроведени интерни обуки | Училиштето навремено ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој, има изготвено програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој. Наставниците и стручните соработници редовно учествуваат на семинарите организирани од МОН и БРО, локалната самоуправа и сл. „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“; „Мировно образование“; „Промоција на безбедна училишна средина“; „Подобрување на квалитетот на образование“. Интерна работилница на вработените - психо-социјална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на кризи. Во училиштето се реализираат и интерни обуки како резултат од потребите за наставниците: Водење на родителски состаноци, водење на педагошка евиденција и документација.<br>Училиштето има стратегија за десиминирање на знаењето, вештините и способностите на кадарот, па така сите наставници кои престојувале на одредена обука должни се сознанијата да ги пренесат пред наставничкиот колегиум. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот, а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците што внесуваат ефективни иновации во работата. Наставникот кој постигнал најзабележителни резултати од страна на училиштето се предлага за избор на најдобар просветен работник во средно образование во општината. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој . |

## 6.5. Финансиско работење на училиштето

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>• **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |
| **Извори на податоци** | |
| • Увид во финансов план, развоен план и годишна програма за работа на училиштето;<br>• Разговор со :наставниците, директорот и членовите на УО;<br>• Записници и одлуки од УО;<br>• Склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди;<br>• Записници од ревизија. | Сите постапки поврзани со финансиско работење кои што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства и тој го следи нивното наменско трошење. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности и ја одобрува завршната сметка на училиштето. Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која работи според сите законски прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки.<br>Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Раководниот кадар постојано ги консултира сите вработени кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | • Високостручен и професионален наставен кадар;<br>• Добар рејтинг и препознатлив имиџ на училиштето;<br>• Постигнување на солидни резултати на учениците;<br>• Постојано следење на постигањата и усовршувањето на наставниот кадар;<br>• Наменско користење на буџетските средства. |

| | |
|---|---|
| Слаби страни | • Недостиг од лектирни изданија во училишната библиотека на македонски и албански наставен јазик.<br>• Дотраеност на училишната опрема (табли во неколку училници) и недостиг од нагледни средста по одредени наставни предмети. |
| Приоритети | • Промена на таблите во училниците;<br>• Набавка на нагледни средства. |

**Подрачје 7. Управување, раководење и креирање политика**

| Ред. бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| **7.1.** | **Управување и раководење со училиштето** | • Управување со училиштето;<br>• Раководење со училиштето; |
| **7.2.** | **Цели и креирање на училиштата** | • Јасност и соодветност на целите;<br>• Процедури за креирање на училишната политика;. |
| **7.3.** | **Развојно планирање** | • Цели на развојното планирање;<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот;<br>• Материјално-технички средства;<br>• Инфраструктура. |

## 7.1.Управување и раководење со училиштето

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Управување со училиштето;** |
| | • **Раководење со училиштето;** |
| **Извори и податоци** | |
| • Статут на училиштето;<br>• Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Записничка книга од состаноци на Училишен Одбор;<br>• Закон за средно образование;<br>• Интервју со претседател на Училишен одбор;<br>• Записничка книга од Наставнички совет;<br>• Одлуки и извештаи од Училишен одбор;<br>• Програма за работа на директорот;<br>• Анкета со наставници, ученици и родители;<br>• Прирачник „Како да се стане еко-училиште“;<br>• Записници од состаноци на еко-одбор;<br>• Интервјуата со наставниците, родителите и со учениците;<br>• Интервју со членовите на УО | Училиштето има изработено Статут во согласност со измените на Законот за средно образование. Статутот на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“– Велес е усвоен и регистриран во Централен регистар на РСМ по добиена согласност од МОН во јули 2019 година. Годишната програма и Годишниот извештај за работа на училиштето се разгледуваат на Наставнички совет, а се усвојуваат на седница на Училишниот одбор. За секој закажан и одржан состанок на УО се водат уредни записници и во прилог се ставени сите одлуки, решенија и извештаи за работа.<br>Со училиштето управува Училишен Одбор. Во нив има правична застапеност на полови и различни општествени групи.<br>УО е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Него го сочинуваат 12 членови: 3 претставници од Совет на Општина Велес, 4 претставници од Наставнички совет, 1 претставник назначен од МОН, 3 претставници од Совет на родители и 1 претставник од Стопанска комора на Македонија без право на глас. Училишниот одбор е орган на управување кој работи и одлучува на седници кои се свикуваат по потреба, а по иницијатива на: Претседателот на УО, на барање на директорот и на барање на најмалку 1/3 од членовите на УО. Работата на УО е регулирана со Деловник за работа. Седниците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на УО и согласно Годишната програма за работа на УО. УО им обезбедува редовни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.<br>Во согласност со законските прописи сите надлежности и административни задачи се јасно дефинирани. Редовно се одржуваат седници и тоа најмалку 10 пати во годината, а по потреба и повеќе. Сите донесени решенија, акти и одлуки се со јасен консензус и истите се транспарентни. Сите субјекти во училиштето редовно се известени за работата на УО, а донесените решенија, акти и одлуки доследно се спроведуваат.<br>За секоја одржана седница на УО, уредно се води записник од страна на записничар и во него се внесуваат сите важни елементи од тековната седницата како и донесените одлуки и заклучоци. Записниците се усвојуваат на следната седница, а потоа се |

| | |
|---|---|
| | заведуваат во деловодникот. Усвоениот и заведен записник од седницата претставува правна основа за постапување како на Училишниот одбор така и на директорот, стручната служба, наставниците и другиот персонал во училиштето.<br>По завршување на учебната година УО донесува Извештај за неговата работа кој е составен дел од Годишниот извештај од работата на училиштето.<br>Претседателот на УО е задоволен од досегашната работа и соработка на сите субјекти вклучени во управувањето на училиштето. Седниците се закажуваат навремено и истите се одржуваат со потребниот кворум за работа. Сите одлуки се донесуваат со целосна поддршка.<br>Директорот на училиштето е индивидуален раководен орган. Обврските и надлежностите на директорот се утврдени со Законот за средно образование и Статутот на училиштето.<br>Раководниот орган има професионални знаења и организациски способности кои се темелат на долгогодишното искуство во наставниот процес. Се залага за модерна дидактика, фокусирана подеднакво на изучување на природно - математичката група предмети, општествените предмети и јазиците. Промовира еко - стандарди во секој сегмент на училиштето. Настојува во осовременувањето и надградувањето на компјутерската опрема и интернетот. Иницира проекти и успешно ги следи промените во образовниот систем. Стручно се усовршува и го поттикнува усовршувањето кај вработените. Самостојно донесува одлуки и секогаш е подготвен да преземе одговорност. Постигањата на учениците и презентирањето на училиштето се негов приоритет. Се грижи за збогатување на библиотечниот фонд (секоја година се набавуваат нови книги). Кај вработените развива доверба и ги мотивира за тимска работа. Секогаш обезбедува комуникација која се темели на меѓусебна соработка и почитување. Соработува со другите училишта, организации и локалната самоуправа. Во размена на идеи и разрешување на проблеми соработката ја реализира на седници на Наставнички совет, активи, стручна служба и други тела формирани во училиштето. Директорот одржува состаноци со динамика согласно потребите на училиштето. Своите одлуки ги соопштува на наставничките совети, преку писмени извештаи и со консултации. Учениците најчесто се информираат преку класнитеводители, соопштенија и состаноци на ученичка заедница.<br>За успешно креирање на училишната политика, носечкиот дел го има директорот. Директорот дава насоки, инструкции и задолженија на стручните тела, комисии и поединци, кои преку соодветни повратни форми на комуникација известуваат за начинот и текот на реализација на дадените задолженија. Исто така, се вршат и континуирани меѓусебни консултации и координација при водењето на училишната политика.<br>Креирањето на училишната политика подразбира изработка на Годишна |

| | |
|---|---|
| | програма, планови и програми за сите наставни активности, нивна реализација и евиденција, како и нивни увид и проверка. Сите заинтересирани страни редовно се известуваат преку одржување на состаноци, редовно поставување на информации на огласна табла и со помош на Web страната.<br><br>Директорот на училиштето, стручните соработници и наставниците изготвуваат Годишна програма за работа на училиштето според динамиката од Развојниот план на училиштето. Реалноста на планирањето се обезбедува преку увиди, анализи и извештаи на реализираните планови, проекти, наставни и воннаставни активности врз основа на кои се донесуваат заклучоци.<br>Програмата за работа на директорот е во согласност со потребите и целите на воспитно-образовниот процес, како и потребите на вработените. Во фокусот на програмата се и средбите со родителите и учениците, соработката со МОН и БРО на Македонија. Голем дел од залагањата се насочени кон подобрување на соработката со Локалната самоуправа во врска со годишното финансирање на училиштето. Посебен напредок е направен во делот на примената на формите и критериумите во оценувањето. Постигнат е огромен напредок во делот на професионалната ориентација кај учениците.<br>Училиштето во голема мера се грижи за заштита на животната средина, нуди проекти за соработка, реализира еко-акции, соработува со учениците на ниво на едукација, но и делување на учениците во насока на зачувување на животната средина и сопственото здравје. Со цел еколошките теми да бидат поприсутни во наставата се преземаат мерки предвидени со годишната програма за работа на училиштето, со дополнување на наставните планови на наставниците со еколошки содржини.<br>Наставниот кадар се оценува како кадар со високи способности и можности заусовршување и во доменот на работа со деца со посебни потреби при што во наставата е вклучен и училишниот специјален едукатор и рехабилитатор кој придонесува за поефикасна адаптација на децата со ПОП, како и обука на наставниот кадар и педагошко-психолошката служба. Се предлагаат активности во рамките на класните часови, советување со родителите и учениците, родителски средби и работилници на кои ќе се разговара за инклузијата и потребата од вклучување и прифаќање на децата со посебни потреби. Сето ова се прави со цел учениците да станат свесни дека децата со посебни потреби е неопходно да бидат дел од редовната настава бидејќи тоа е нормален тренд во земјите кои имаат солиден воспитно образовен систем, но и хумана потреба да се почитуваат различностите.<br>Примената на ИКТ во наставата е редовно застапена, се постигнува напредок во остварувањето на наставните цели предвидени во наставните програми и планови.<br>За се она што е реализирано придонесува работната атмосфера во училиштето |

| | |
|---|---|
| | која е позитивна благодарејќи на колегијалноста и професионалноста на директорот, раководниот тим, наставниците и стручните соработници.<br><br>***Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето***<br><br>На прашањето во кое се дадени споредбени резултати од анкетираните ученици и вработени покажува дека вработените и учениците се задоволни од организацијата на воспитно-образовната, стручната и педагошката работа во училиштето. И тоа, 87% од вработенитесе задоволни, додека 13% се делумно задоволни, а 0% се незадоволни. Кај учениците, 60,4% се задоволни, 26,4% се делумно задоволни и 13,2% се незадоволни од организацијата на воспитно-образовната, стручната и педагошката работа во училиштето.<br>Прашањето поврзано со односот на директорот на училиштето кон вработените, родителите и учениците покажува дека неговиот однос е коректен, заснован на взаемно почитување и разбирање. 87,9% од вработените се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето, а 12,1% делумно се се согласуваат со тврдењето. Додека 67,3% од учениците се согласуваат целосно со тврдењето, 16,4% делумно се согласуваат и 16,4% воопшто не се согласуваат со тврдењето. Слични се резултатите и од страна на родителите, 64,7% целосно се согласуваат со тврдењето, 25,9% делумно и 9,4% воопшто не се согласуваат со тврдењето<br>На прашањето наменето за вработените, а се однесува на раководство90,9%<br>целосно се согласуваат со тврдењето дека за секое барање од нив истото е подготвено советува и помага, додека 9,1% делумно се согласуваат со тврдењето,што се заклучува од следниот график. |

| | |
|---|---|
| | <br>Високи 78,8% од вработените целосно запознати со работата на Училиштниот одбор, додека 21,2% се делумно запознати, ниту еден вработен не се изјаснил дека воопшто н запознат со работата на овој орган. Слични се резултатите и околу информираноста со донесените одлуки од страна на УО. Високи 87,9% од вработените се изјасниле дека имаат континуирана информираност со донесените одлуки, а 12,1% имаат периодична информираност.На прашањето наменето за родители, а поврзано со нивното задоволст од управувањето и раководењето на училиштето, 56,5% се изјасниле дека се целосно задоволни, 40% се делумно задоволни и 3,5 се незадоволни. Слична е состојбата и со прашањето во врска со навременото и доследно спроведување на решенијата и одлукит Овде 60% од родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето, 36,5% делумно и 3,5% воопшто не се согласуваат со тврдењето. |

### 7.2. Цели и креирање на училишната политика

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Јасност и соодветност на целите;**<br>• **Процедури за креирање на училишната политика;** |
| **Извори на податоци** | |

| | |
|---|---|
| • Записници од Училишниот Одбор;<br>• Развоен план на училиштето;<br>• Годишната програма за работа на училиштето;<br>• Интервју со Директорот;<br>• Записници од наставнички совет;<br>• Записници од совет на родители;<br>• Записници од дневници за работа (електронски дневник);<br>• Анкета со наставници, ученици и родители;<br>Записници од состаноци на еко-одборот. | Училиштето делува како самостоен субјект. Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење, што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Учениците да се здобијат со потребни знаења, умеења и навики од одредени научни дисциплини усвојувајќи знаења за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот, односно да обезбеди основа за доживотно учење. Изминатите години приоритетно беше воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини. Процедури за креирање на училишната политика. Наставниците, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите и се запознати со начинот на нивното реализирање. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат и помогнат во остварување на целите.  Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето и секако влијаат на подобрување на училишната клима.<br><br>Процедури за креирање на училишната политика<br>Поставените цели придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците преку реализација на следниве задачи:<br>• континуирано оценување на учениците со примена на различни методи и техники<br>• навремено регулирање на изостаноците и изрекување педагошки мерки<br>• интензивирање на соработката помеѓу родителите, раководителите на паралелките, наставниците и стручните соработници<br>• следење на отсуствата од настава<br>• анализа на причините за отсуства од настава<br>• советодавни разговори со учениците и родителите<br>• заклучоци и предлог мерки<br>• реализација на наставната програма и интегрирање на содржини од еко-стандардите<br>• оспособување на учениците за критичко размислување и активно дејствување во околината.<br>• развивање навики за штедливост и економичност во користење на природните ресурси<br>• развивање на еколошката свест кај младите |

| | |
|---|---|
| | • интегрирана настава во училиштето преку есеи, проекти, решавање на задачи, вклучување на учениците во спортски манифестации, ораторски вечери и други вонnаставни активности<br>Учениците преку низа активности, а пред се со подобрување на успехот и редовноста, активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето. Соработката со учениците се базира на основната потреба ученикот да се третира како личност, да се почитува неговото мислење и да му се даде можност да ги искажува своите воспитно - образовни потреби.<br>За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава. Учениците кои се упатени на поправен испит по завршувањето на наставната година посетуваат продолжителна настава. За учениците кои покажуваат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини организирана е додатна настава преку која се обезбедува проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја.<br>Слободните ученички активности придонесуваат за ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците. Вонnаставните активности се можност за креативно изразување на учениците во области за кои покажуваат поголеми афинитети. Освоените награди и признанија се еден од показателите за успешност на училиштето.<br>Во училиштето се води политика на взаемна толеранција поврзана со поведението и дисциплината, сузбивање на насилничкото однесување на учениците и дискриминација од секаков вид. Ваквите евентуални појави се санкционираат со примена на одредбите од Законот за средно образование, Правилникот за педагошки мерки и Статутот на училиштето.<br>Соработката на стручните соработници со учениците, наставниците и родителите придонесува за подобро решавање на сите појави кои се однесуваат на напредокот на училиштето.<br>Училиштето има одлична соработка со родителите која се одвива преку: Совет на родители, родителски средби, индивидуални контакти и соработка со стручните соработници.<br>Обврските и задолженијата на вработените се јасно прецизирани и навремени, а тоа придонесува за поголема ефективност и успешност на училиштето. Вработените се карактеризираат со стручност, квалификации и професионалност. Сите вработени активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели.<br>Стратешкото планирање во училиштето го реализира Менаџерски тим на |

| | |
|---|---|
| | училиштето. Во него учествуваат сите претседатели на стручните активи, стручните соработници и координаторите на проектните активности и училишната заедница. Вработените активно учествуваат во креирањето на стратегиите преку стручните активи. Училиштето секогаш навремено информира за сите активности и планови за некоја активност. Редовно ги зема предвид и мислењата, сугестиите и предлозите на родителите и учениците. Дадените вредности на соработката во постигнувањата на заеднички цели често се детерминирани со начинот на кои се водени.<br>Училиштето води политика на здрава училишна клима. Креирањето на училишна политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на поставените потреби на училиштето. Стратегиската политика е гласот на нашето училиште.<br><br>***Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето***<br><br>Од извршената анкета на вработени, родители и ученици на прашањето во врска со чувството за важност на сопственото мислење меѓу вработените во училиштето 72,7% наставниците сметаат дека секогаш е важно нивното мислење, а 27,3 сметаат дека понекогаш е важно. 58,8% од родителите сметаат дека нивното мислење секогаш е важно за наставниците, 38,8% сметаат дека понекогаш е важно, а додека 2,4% од родителите сметаат дека нивното мислење никогаш не е важно за наставниците. Слична е состојбата и кај учениците; 52,7% од нив сметаат дека е важно нивното мислење, 38,2% сметаат дека само понекогаш е важно, а 9,1% сметаат дека нивно мислење никогаж не е важно за наставниците.<br>Атмосферата во училиштето учениците ја оценуваат со оценка 4, родителите со оценка 5, а наставниците имаат поделено мислење помеѓу оценка 4 и 5.<br>100% од наставниците се чувствуваат безбедни во училиштето, додека 78,8% од родителите сметаат дека учениците се безбедни во училиштето, 12,9% се изјасниле дека не знаат и 8,3% сметаат дека учениците не се безбедни во училиште. 74,5% од учениците сметаат дека се безбедни во училиштето, 14,6% не знаат и 10,9% сметаат дека не се безбедни во училиштето.<br>90,9% од наставниците сметаат дека секогаш постои соработка помеѓу учениците, наставниците и родителите, а 9,1% сметаат дека оваа соработка е само понекогаш. Слична е состојбата и од страна на родителите; 72,9% од нив сметаат дека секогаш постои соработка, 24,7% сметаат дека само понекогаш, а 2,4% сметаат дека никогаш не постои соработка помеѓу наставниците, учениците и родителите. Кај учениците состојбата е малку поинаква; 57,4% од нив сметаат дека секогаш има соработка помеѓу наставниците родителите и учениците, 38,9% сметаат дека оваа соработка е понекогаш, а додека 3,7% сметаат дека нема соработка. |










100% од наставниците се запознати со целите на мисијата и визијата на училиштето, 57,6% од родителите се целосно запознати, 37,3% се делумно запознати, додека 7,1% од родителите воопшто не се запознати со мисијата и визијата на училиштето. 64,8% од учениците сметаат дека целите на мисијата и визијата на училиштето се истакнати на видно место во училиштето, 25,9% делумно се согласуваат, а додека 9,3, воопшто не се согласуваат со тврдењето.

На прашањето дали училиштето има механизми за разрешување и дали превзема мерки во ситуации на насилство (булинг) помеѓу учениците 61,8% од учениците се изјасниле позитивно, 25,5% не знаат, а 12,7% се изјасниле негативно. На истото прашање 55,3% од родителите се изјасниле позитивно, 35,3% не знаат, и 9,4% се изјасниле негативно. Кај наставниците состојбата е поинаква; 97% се изјасниле позитивно, а само 3% не знаат.

### 7.3. Развој и планирање

| | |
|---|---|
| **Теми**: | • **Цели на развојното планирање;**<br>• **Професионален развој / стручно усовршување на кадарот;**<br>• **Материјално-технички сретства;**<br>• **Инфраструктура.** |
| **Извори на податоци** | |
| • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• План за евалуација;<br>• Анкети со ученици;<br>• Интервју со директор;<br>• Интервју со родители;<br>• Интервју со Совет на родители;<br>• Интервју со ученици;<br>• Интервју со наставници;<br>• Финансов план на училиштето;<br>• Годишен план за јавни набавки.<br>• Извештај од интегрална евалуација | Составен дел на развојниот план на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на Гимназијата, целите, задачите и постојат акциски планови кои се доследно се спроведуваат. Планот е донесен за период од четири години. Во развојните цели е дефинирана промената кон која се стреми училиштето како и придобивките од истата. Сите приоритетни области кои се обработени во развојниот план потекнуваат од проценката на состојбата во училиштето. Во нив сепрезентирани носителите на активностите, чекорите и времето на реализација.<br>Сите вработени во училиштето се информирани за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Позитивните придобивки се резултат на стручноста, професионалноста и ангажираноста на вработените во училиштето.<br>Потребата од кариерен и професионален развој на наставниот и стручниот кадар во училиштето е секогаш присутна. Таа се состои од учество на обуки, семинари, конгреси и курсеви, но и перманентно следење на современа стручна литература и усогласување во методолошкиот приод во реализирање на наставата (тимска изработка на годишните и тематските планови). Примената на стекнатите знаења континуирано се следи од директорот и раководниот тим.<br>Материјално - техничките средства се значаен фактор за успешно реализирање на воспитно - образовните цели и задачи. Опременоста со наставни средства, помагала и материјали придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати.<br>Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат со развојниот план на училиштето.<br>Инфраструктура<br>Училишната зграда е изградена во далечната 1956 година и во неа опстојуваат два правни субјекти: СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес и ССОО „Димитрија Чуповски“ – |

Велес. Наставата се одвива наизменично во две смени - претпладне и попладне, со тоа што кога завршува првата смена на едното училиште, веднаш започнува втората смена од другото училиште, па се јавува недостаток од простории за реализирање на дополнителната и додатната настава како и за воннаставни активности.

Пред 10-ина години е поставена нова фасада на дел од објектоткако и промена на подот, но потребно и приоритетно е комплетно реновирање на постоечките училишни простории.

***Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето***

На тврдењето дека во училиштето постојат тимовизаразвојнаполитика, планирање и обезбедување квалитет во училиштето во кои се вклучени наставниците 90,9% од наставниците целосно се согласуваат со истото, додека 9,1% делумно се согласува. Ист е процентот кај наставниците кои сметаат дека училиштето континуирано и во целост остварува партнерства со пошироката заедница.

77,8% од учениците сметаат дека учениците придонесуваат за развој и обезбедување на квалитет во училиштето, 16,7% делумно се согласуваат со тврдењето, додека 5,5% воопшто не се согласуваат со тврдењето.




58,8% од родителите сметаат дека тие трба активно да бидат вклучени во планирањето и обезбедувањето на квалитет во училиштето, 31,8% сметаат дека делумно се согласуваат со тврдењето, додека 9,4% воопшто не се согласуваат со тврдењето. На прашањето дали училиштето остварува партнерство со локалната и пошироката заедница 61,2% од родителите сметаат дека континуирано и во целост е соработката, 31,8% сметаат дека е делумна и 7,1% сметаат дека училиштето нема соработка.

| | |
|---|---|
| Јаки страни | • Постои добра соработка помеѓу УО и раководниот кадар;<br>• При донесување на Одлуки и решенија постои јасен консензус;<br>• Доследно и навремено се спроведуваат сите одлуки и решенија;<br>• При изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето се води грижа за приоритетите кои произлегуваат од воспитно-образовниот процес;<br>• Тимска работа;<br>• Јасност и заедништво на целите;<br>• Ефективност и иновативност;<br>• Континуирано усовршување на наставниот кадар.<br>• Безбедно училиште |
| Слаби страни | • Инфраструктурата на училиштето;<br>• Немањето доволно финансиски средства предизвикува потешкотии во реализација на активностите и проектите предвидени со програмата, како и обезбедување наставни средства за секој кабинет и секоја училница. |
| Приоритети | • Поголемо учество на родителите во разни активности во училиштето;<br>• Подобрување на инфраструктурата на училиштето што опфаќа комплетно реновирање на училниците;<br>• Потреба од повеќе парични средства за реализирање на проектираните задачи и обезбедување наставни средства (обезбедување на средства преку донации и проекти). |

Директор:
Илија Попов
-----------------------------